# Водич
## за соодветно приспособување

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

**Публикација: Водич за соодветно приспособување**

**Авторки:** Елена Кочоска

Милица Трпевска

**Лектура:** Бестел Дооел Скопје

**Дизајн и уредување: Кома**

КОЧОСКА, Елена

Водич за соодветно приспособување [Електронски извор] /
авторки Кочоска Елена, Трпевска Милица. - Скопје : ОБСЕ, 2020

Начин на пристап (URL): https://www.osce.org. - Текст во PDF формат, содржи
[85] стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 05.02.2020. -
Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. [82-85]

ISBN 978-608-4788-44-7

1. Трпевска, Милица [автор]

а) Лица со попреченост - Антидискриминација - Правна регулатива - Свет

б) Лица со попреченост - Антидискриминација - Правна регулатива - Македонија
COBISS.MK-ID 112163338

ОБСЕ
Организација за безбедност и
соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на
ОБСЕ во Скопје.

# СОДРЖИНА

Листа на кратенки 06
Вовед 08
Методологија 09

## Прво поглавје

1.1. Соодветно приспособување за лица со попреченост 14
1.1.1 Конвенција за правата на лицата со попреченост 14
1.1.2 Соодветно приспособување 15
1.1.3 Соодветното приспособување и лицата со попреченост 17
1.1.4 Соодветното приспособување и индиректна дискриминација 18
1.1.5 Соодветното приспособување и обврската за пристапност 18
1.1.6 Соодветното приспособување и афиративните мерки 19
1.1.7 Соодветното приспособување и родовиот аспект 20
1.1.8 Соодветното приспособување и јавната свест 21
1.2 Соодветното приспособување преку праксата на Комитетот за правата на лицата со попреченост 21
1.3 Соодветното приспособување во судската пракса 24
1.4 Листа на примери на соодветно приспособување 29

## Второ поглавје

2. Соодветното приспособување во националната правна рамка 34
2.1 Закон за спречување и заштита од дискриминација 34
2.2 Закони од областа на здравствената заштита 37
2.3 Закони од областа на образованието 38
2.4 Закони од областа на вработувањето и работните односи 39
2.5 Закони од областа на пристапот до добра и услуги 42
2.6. Закони од областа на домувањето 43
2.7. Закони од областа на правосудството и управата 45
2.8. Закони од областа на социјалната заштита и сигурност 46
2.9. Закони од областа на јавното информирање 48
2.10. Закони од областа на културата 49

# Трето поглавје


3.1 Соодветното приспособување во пракса ..... 52

3.1.1. Здравствена заштита ..... 54

3.1.2. Образование и едукација на ученици и студенти со попреченост ..... 56

3.1.3. Вработување и работни односи ..... 58

3.1.4. Пристап до добра и услуги ..... 60

3.2 Форми на соодветно приспособување ..... 62


# Четврто поглавје


4.1 Заклучоци ..... 68

4.2 Препораки ..... 69

Прилог 1 - Елементи на соодветно приспособување во различни области ..... 72

Библиографија ..... 88

# Листа на кратенки:

| | |
|---|---|
| КПЛП | Конвенција за правата на лицата со попреченост |
| ОБСЕ | Организацијата за безбедност и соработка во Европа |
| ОБСЕ/ ОДИХР | Организација за безбедност и соработка во Европа/Канцеларија за демократски институции и човекови права |
| ООН | Организација на Обединетите нации |
| ОЛП | Организација на лица со попреченост |
| СЕ | Совет на Европа |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗСЗД | Закон за спречување и заштита од дискриминација |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |

| | |
|---|---|
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСП | Европска социјална повелба |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| НП | Народен Правобранител |
| ЗЗПП | Закон за заштита на правата на пациентите |
| ЗОО | Закон за основно образование |
| ЗРО | Закон за работните односи |
| ЗВИЛ | Закон за вработување на инвалидни лица |
| ЗСЗ | Закон за социјална заштита |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка |
| ЗПП | Закон за парничната постапка |
| ЗОУП | Закон за општата управна постапка |
| ЗЗО | Закон за здравствено осигурување |
| ЗААМУ | Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| ЗСИЈК | Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер |

# ВОВЕД

Предизвик за изработка на Водичот беше разгледувањето на состојбата со соодветното приспособување на едно место, притоа имајќи ја предвид незначителната национална практика и новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација (2019). Како дополнителен предизвик беше и дефинирањето на улогата на овој правен институт во борбата против дискриминацијата и промоцијата на концептот на еднаквост.

Притоа, Водичот го појаснува значењето, опсегот, отворените прашања и дискусиите во врска со ова прашање, дава примери од искуствата на други држави во однос на неговата примена и има за цел да им помогне на практичарите во разбирањето и употребата.

Водичот се состои од 4 поглавја:

*Првото поглавје*

дава краток преглед на концептот на соодветното приспособување во меѓународното право гледано низ призмата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, тесно поврзан со еднаквоста и недискриминацијата, притоа обработувајќи ги одредбите коишто се однесуваат на овој правен институт во Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во рамките на Организацијата на Обединетите нации и Директивата за еднаков третман во вработувањето и професиите во рамките на Европската унија. Истовремено се обработува и судската пракса во поглед на овој институт и заклучоците на Комитетот за правата на лицата со попреченост.

*Во второто поглавје*

е даден преглед на концептот на соодветното приспособување во националното законодавство и практика.

*Третото поглавје*

содржи листа на елементи за обезбедување на соодветното приспособување, како и ин-

формација за соодветното приспособување во различни области за коишто се смета дека ќе бидат од исклучителна корист за практичарите. Оправданоста за изработката на Водичот се состои во потребата од елаборирање на правните институти опфатени со анти-дискриминациското законодавство.

*Четвртото поглавје*

ги сумира сите заклучоци од претходните поглавја и дава препораки за унапредување на состојбата со соодветното приспособување.

Овој Водич треба да служи како помагало за разбирање на овој правен институт и има за цел да укаже на постоечките начини на примена на соодветното приспособување во практика. Воедно, остава простор за флексибилност и толкување на овој институт од страна на практичарите, особено во неговото разграничување од правото на пристапност за лицата со попреченост.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата има за цел да даде приказ на алатките користени за прибирање и обработка на потребните податоци за изработка на Водичот и на пристапот кон изработката на текстот на Водичот. Имено, соодветното приспособување како антидискриминациски правен институт е предвидено и дефинирано во националниот правен систем во рамките на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со тоа е одреден и главниот тематски фокус на Водичот. Покрај тоа, Водичот ја согледува и состојбата во националната практика со цел да се дадат препораки за нејзино унапредување.

Изработката на текстот на Водичот е ограничен во однос на должината како поради самата тема, така и поради неговата намена – да служи како Водич за примена на овој правен институт. За изработката на Водичот се користеше методологија којашто претставува комбинација од преглед на литература/документи и полуструктурирани интервјуа, а спроведувањето го надгледуваше Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

# АКТИВНОСТИ

## А) ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА/ДОКУМЕНТИ

Во предвид беа земени следнава постоечка литература и податоци: правни документи, односно домашни закони и меѓународни правни акти, постоечка практика и академска литература (домашни и странски академски трудови и истражувања). За составување на прегледот беа консултирани и практичари коишто го следат прашањето на заштитата од дискриминација, како и други релевантни чинители, а пред сè социјалните партнери. Прегледот на литературата беше извршен во периодот мај-јуни 2019 година.

## Б) ПОЛУСТРУКТУРИРАНИ ИНТЕРВЈУА

Воедно, при прегледот на литературата/документите се спроведоа 16 полуструктуирани интервјуа со избрани испитаници од различни чинители, односно со: национални институции за човекови права, со испитаници од академски институции, со лица со попреченост, а со помош на Водич за водење интервјуа. Во овој примерок беа застапени вкупно 9 лица со телесна, сензорна и интелектуална попреченост, односно 6 жени и 3 мажи со различна попреченост кои дадоа свои согледувања и за родовиот аспект на соодветното приспособување.

Од вкупно седум претставнички на чинителите коишто зедоа учество во интервјуата, две претставнички беа од државните институции, една од општинската администрација, три од граѓанските организации (коишто работат на здравствена заштита и едукација, обезбедување на асистивна технологија и поддршка во образованието и на пристап до судски услуги) и една претставничка од одделот за човечки ресурси во приватна компанија. Собраните по-

датоци од постоечката литература, како и оние коишто беа собрани преку интервјуата се обработија преку квалитативна анализа на содржината.

## В) АНАЛИ ЗА НА ПОДАТОЦИТЕ И ПОДГОТОВКА НА НАЦРТ-ВОДИЧ

Податоците добиени од достапната документација, полуструктурираните интервјуа и другите активности беа анализирани и вклучени во нацртот на овој Водич.

## Г) ФОКУС ГРУПА

Првичните наоди и заклучоци беа разгледани на состанокот одржан на 12-ти септември 2019 година, во функција на фокус група, по што се пристапи кон финализирање на текстот на Водичот.

# I.
# ПОГЛАВЈЕ

# 1.1. СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

## 1.1.1 КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (во понатамошниот текст КПЛП) и Факултативниот протокол се првиот обврзувачки правен инструмент за правата на човекот, којшто го отелотворува пристапот кон човековите права и кон состојбата на оневозможеност. КПЛП претставува највисок стандард за заштита на правата на лицата со попреченост што ги опфаќа како граѓанските и политичките, така и економските, социјалните и културните права.

Членот 5 претставува една од најзначајните одредби од КПЛП и има хоризонтална примена. Согласно член 5 став 2, државите се обврзуваат да забранат каква било дискриминација врз основ на попреченост, која пак, согласно член 2 подразбира „какво било разликување, исклучување или ограничување врз основ на оневозможеност, коешто има за цел или последица оневозможување на признавањето, уживањето или користењето на рамноправната основа со другите, на сите човекови права и основни слободи на политичко, економско, општествено, културно, граѓанско или кое било друго поле. Ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и отсуството на соодветно приспособување[1]".

1 Види: Попоска Ж., Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп како антидискриминациски инструмент, УДК. 341.231.14-056.26.36/094.2.072, 2013 година, стр.241, достапно на: <http://js.ugd.edu.mk/index.php/YFL/article/download/2820/2606/>.

# 1.1.2
# СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ

Обврската за соодветно приспособување во КПЛП претставува составен дел од моделот заснован на човекови права. Со членот 5 став 3 од КПЛП, а „со цел да се промовира еднаквост и да се елиминира дискриминацијата, државите треба да ги преземат сите соодветни чекори за да обезбедат соодветно приспособување", и се нагласува улогата на државите во обезбедувањето на соодветното приспособување.[2]

Во член 2 од КПЛП соодветното приспособување се дефинира како „неопходно и соодветно изменување или приспособување потребно во одреден случај и кое не преставува несразмерен товар, а со цел обезбедување на уживањето или користењето на сите човекови права и основни слободи на лицата со попреченост на еднаква основа со другите". Обврската за соодветно приспособување е елемент на сите одредби од КПЛП врз основа на меѓусебната врска на членовите 2 и 5 со другите членови на Конвенцијата. Од ова јасно произлегува дека забраната на дискриминацијата врз основа на попреченост е фокусирана на резултатот од дејството, а не на намерата на сторителот.

Со воспоставувањето на соодветното приспособување во самата дефиниција за дискриминација, КПЛП посочува дека за остварувањето на правата на лицата со попреченост потребно е да бидат преземени индивидуални мерки со цел да се реши и надмине системската дискриминација врз нив. Од дефиницијата може да се согледа дека фокусот на соодветното приспособување е заснован на специфични околности за секој индивидуален случај земајќи ја предвид ефективноста на прилагодувањата, со цел да се отстрани неповолната положба во којашто се наоѓа конкретната индивидуа со попреченост, притоа спроведувајќи ја обврската на носителот за обезбедување на приспособувањето.

2 Види: Конвенција за правата на лицата со попреченост A/RES/61/611, 2006, член 5 став 3, достапно на: <http://www.un.org/esa/socdev/enable/rights/convtexte.htm>.

Ако членот 5 се чита заедно со членовите 1, 3 и 4 од КПЛП јасно произлегува дека „соодветното приспособување има за цел да постигне индивидуална правда во смисла дека е обезбедена недискриминација и еднаквост земајќи го предвид достоинството, автономијата и изборот на поединецот"[3].

Соодветното приспособување не е предмет на прогресивна реализација[4]. Овој институт е дел од принципот на недискриминација којшто ги опфаќа, но и се однесува на сите човекови права (граѓански, политички, економски, социјални и културни права). Тоа само по себе бара и наложува вклучување на широк спектар социјални и општествени чинители коишто ќе мораат да ги прилагодат веќе постоечките норми, политики, практики или околина. Оваа обврска се однесува на јавните и приватните институции и субјекти на национално и локално ниво, притоа опфаќајќи ги сите области.

Државите се должни да ги преземат сите соодветни чекори за да го обезбедат соодветното приспособување, како и да го следат спроведувањето на обврската од страна на јавните и приватните субјекти[5]. Субјектите треба да воспоставуваат дијалог со лицата со попреченост со цел да се утврди најсоодветното приспособување во дадените околности на соодветниот случај[6]. Од државите се бара да обезбедат и да гарантираат дека законската рамка е во согласност со КПЛП, обезбедувајќи и гарантирајќи дека „неоправданото необезбедување на соодветното приспособување ќе биде вклучено како посебна форма на дискриминација во националното законодавство и дека политиките ќе го вклучат овој правен институт".

3 Види: Комитет на ООН за правата на лицата со попреченост, Општ Коментар број 2, CRPD/C/GC/2, пара.26, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/TBSearch.aspx?Lang=en&TreatyID=4&DocTypeID=11>.

4 Види: Комитет на ООН за правата на лицата со попреченост, Општ Коментар бр. 4 за правото на инклузивно образование, CRPD/C/GC/4, 2016 година, пара.30, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/GC/4&Lang=en.>.

5 Види: член 4(1)(е) од КПЛП којшто бара од државите „да ги преземат сите соодветни мерки за елиминација на дискриминацијата врз основа на попреченост од кое и да било лице, организација или приватно претпријатие".

6 Види: Тематски извештај напишан за Европската Мрежа на правни експерти за еднаквоста и недискриминацијата на L. Waddington и A. Broderick, Закони по основ на попреченост и обврската за соодветно приспособување при вработување: Правна анализа на состојбата во земјите членки на ЕУ, Европска Комисија, 2016 година, стр.47, достапно на: <https://publications.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/154560d2-d494-4080-90b5-dacfc1b83094>.

Согласно член 2, а во врска со член 5, став 3 од КПЛП, клучни карактеристики на обврската за соодветно приспособување се:

- идентификација и отстранување на бариерите коишто влијаат на уживањето на човековите права на лицата со попреченост;
- „неопходност и соодветност“ (ефективност) на модификациите или прилагодувањата за надминување на бариерите коишто се специфични за одредено конкретно лице;
- усвојување на измени или прилагодувања коишто не наметнуваат несразмерно или непотребно оптоварување на носителот на обврската;
- изнаоѓање одговор или решение коешто е прилагодено на индивидуалните околности на лицето со попреченост; и
- прифаќање дека приспособувањето има суштинска цел, а таа е да се унапреди еднаквоста и да се елиминира дискриминацијата врз лицата со попреченост.

# 1.1.3 СООДВЕТНОТО ПРИСПОСОБУВАЊЕ И ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Предизвикот при примената на соодветното приспособување во сите законодавства е персоналниот опфат на одредбата што го регулира соодветното приспособување, односно кој сè може да побара соодветно приспособување.

КПЛП не содржи дефиниција за тоа што значи оневозможеност. КПЛП дава една широка рамка дека оваа состојба има развоен концепт и е резултат на интеракцијата помеѓу лицата со попреченост и бариерите во ставовите, како и на средината којашто го оневозможува нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите. Овој пристап изразен во самата преамбула (алинеја д) доколку се чита низ призмата на член 5 од КПЛП, посочува дека е забранета дискриминација врз основ на попреченост и создава простор за заштита на лицата кои во минатото имале попреченост, кои имаат попреченост или кои во иднина би се здобиле со попреченост, лицата за кои се претпоставува дека имаат некоја попреченост, како и за лицата кои се во тесна врска со лице со попреченост, а можат да бидат дискриминирани поради тоа (дискриминација по асоцијација)[7].

За разлика од преамбулата, КПЛП во член 1 став 2 посочува дека: „лицата со попреченост ги вклучуваат оние кои имаат долготрајна телесна, ментална, интелектуална или сензорна оневозможеност кои во интеракција со различни бариери може да го попречи нивното целосно и ефикасно вклучување во општеството на еднаква основа со другите". Поаѓајќи од пристапот на човековите права Комитетот за правата на лицата со попреченост посочува дека треба да се земе предвид разноликоста на лицата со попреченост (преамбула, параграф з), заедно со интеракцијата помеѓу индивидуата со оневозможеност и бариерите во општеството и средината (преамбула, алинеја д).[8]

7 Види: Попоска. Ж., Толкувач на Меѓународната Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на обединетите нации, Полио Плус, 2018 година, стр.22, достапно на: <www.polioplus.org.mk>.

8 Види: S.C v. Brazil, Комитет на ООН за правата на лицата со попреченост, Communication No. 10/2013, CRPD/C/12/D/10/2013, одлука од 28 октомври 2014 година, достапно на: <https://digitallibrary.un.org/record/791892>.

Во индивидуалната претставка *S.C v. Brazil,*[9] Комитетот за правата на лицата со попреченост смета дека заедницата со попреченост ги вклучува, но не се ограничува само на оние кои имаат долгорочни телесни, ментални, интелектуални или сензорни оневозможности, а кои во интеракција со разни бариери, можат да бидат спречени целосно и ефикасно да учествуваат во општеството.[10] Во оваа насока е и коментарот на Комитетот за правата на лицата со попреченост[11] во врска со член 4 од Законот за правата на лицата со попреченост во Шпанија, во којшто е предвидено дека „лица со попреченост се лица коишто имаат степен на попреченост еднаков или поголем од 33%. Ова значи дека само лицата кои го задоволуваат степенот на попреченост од 33% имаат право на соодветно приспособување. Комитетот за правата на лицата со попреченост ѝ препорачува на Шпанија да обезбеди заштита од дискриминација и да го обезбеди правото на соодветно приспособување за сите лица со попреченост, без оглед на степенот на нивната попреченост.

Гледано од аспект на *ratione personae*, опфатот на соодветното приспособување во ниту еден случај не треба да биде поврзан со дефинициите за лицата со попреченост во различните закони направени за други цели, како на пример во областа на социјалната заштита. Со други зборови, заштитата од дискриминација и правото на соодветно приспособување не треба да се ограничува на лица коишто официјално се признати дека имаат некаква попреченост заради користењето на социјални бенефиции, пензија, детски додаток или друга бенефиција.

9 Ibid.

10 Види: Попоска. Ж., Толкувач на Меѓународната Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на обединетите нации, Полио Плус, 2018 година, достапно на: <www.polioplus.org.mk>.

11 Види: Комитет на ООН за правата на лицата со попреченост, Заклучни согледувања на иницијалниот извештај за Шпанија, пара.11, UN Doc. CRPD/C/ESP/CO/1, 2011 година, достапно на: <https://undocs.org/en/CRPD/C/ESP/CO/1>.

## 1.1.4

# СООДВЕТНОТО ПРИСПОСОБУВАЊЕ И ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Разликата помеѓу индиректната дискриминација и соодветното приспособување е поврзана со опфатот и пристапот. Имено, опфатот на индиректната дискриминација е насочен кон „една поширока група луѓе кои споделуваат и имаат одредена заштитна карактеристика се или потенцијално би биле обесправени од оспорената мерка",[12] додека пак соодветното приспособување е насочено кон индивидуата со попреченост во дадена и конкретна ситуација.

Во поглед на ефектот на примена, индиректната дискриминација бара утврдување дали одредбата, критериумот или практиката имаат дискриминаторски ефект. Наспроти тоа, обврската за соодветно приспособување бара усвојување на конкретни мерки за отстранување на оневозможеноста со која се соочува самото лице со попреченост.

12 Види: Тематски извештај на Bribosia E., и Rorive I., *Соодветно приспособување во Европа*, 2013 година, стр.39, достапно на: http://www.philodroit.be/IMG/pdf/bribosia_rorive_reasonable_accommodation_en-2.pdf>.

# 1.1.5 СООДВЕТНОТО ПРИСПОСОБУВАЊЕ И ОБВРСКАТА ЗА ПРИСТАПНОСТ

Соодветното приспособување се разликува и од правото на пристапност, уредено со член 9 од КПЛП.[13] Обврските за обезбедување на пристапност се генерални, предвидливи и не се засновани на индивидуално барање“.[14] Истите треба да бидат „усогласени со стандардите на универзален дизајн, на пример поставување или изградба на рампи или обезбедување на информации на Брајово писмо или лесно разбирливи формати“.[15] Обврската да се обезбеди пристапност има за цел реконструкција на непосредната и опкружувачката околина во целина и трансформација на социјалните структури.

Комитетот за правата на лицата со попреченост ја сумира разликата помеѓу соодветното приспособување и пристапноста на следниов начин: „Пристапноста се однесува на групи, додека соодветното приспособување се однесува на поединци“.[16] Комитетот дополнително посочува дека: „...обезбедувањето на пристапност е *ex ante* обврска. Државите треба да ги утврдат стандардите за пристапност и тие треба да важат за сите јавни и приватни институции или организации“.[17] Комитетот за правата на лицата со попреченост потврдува дека државите „имаат обврска да обезбедат пристапност пред да добијат индивидуално барање за користење на местото или услугата“.[18] Додека соодветното приспособување е *ex nunc* обврска, односно се извршува од моментот кога на лицето со попреченост му треба приспособување во дадената ситуација“.[19]

Другата разлика е партиципативноста на лицата со попреченост. За да се изврши обврската за соодветно приспособување потребен е дијалог помеѓу индивидуата со попреченост и носителот на обврската (јавен или приватен субјект). Притоа треба да се има предвид дека „модификациите коишто ќе произлезат и ќе се однесуваат на решавање на конкретната оневозможеност на начин што е соодветен за лицето, може да подразбираат преземање на мерки кои не би биле од корист за лица со иста или слична оневозможеност“.[20] Во однос на пристапноста е потребен дијалог помеѓу носителите на одлуките и Организациите на лица со попреченост (во понатамошниот текст: ОЛП), а општите мерки и стандарди за пристапност, како и механизмите за спроведување на ваквите мерки и стандарди ќе обезбедат целосен пристап до одредена физичка средина, транспорт, информации и комуникации и до јавните услуги.

> Во зависност од ситуацијата, обезбедувањето на толкувач на знаковниот јазик може да претставува мерка за пристапност или мерка за соодветно приспособување, на пример во здравствените институции. За здравствените институции, толкувањето на знаковен јазик може и треба да се смета за мерка на пристапност. Ова не мора да биде случај кај помалите здравствени ординации поради финансиските ограничувања. Но, доколку пациентот со попреченост побара толкување на знаковен јазик, тогаш обезбедувањето на толкувач може да биде мерка на соодветно приспособување, наместо општ услов за пристапност.

Усогласеноста на стандардите за пристапност и обезбедувањето на соодветното приспособување треба да се сметаат како комплементарни мерки со цел да се обезбеди *de facto* еднаквост за лицата со попреченост.[21] Во таа насока со обезбедувањето на пристапност може

13 Види: член 9 КПЛП предвидува дека: „Државите членки ќе преземат соодветни мерки за да им обезбедат на лицата со хендикеп пристап, на еднаква основа со другите во физичкото опкружување, до транспортот, до информациите и комуникациите, вклучувајќи ги и информатичките и комуникациските технологии и системи и на други објекти и услуги отворени или обезбедени за јавноста во урбаните и во руралните средини“. Овие мерки „вклучуваат идентификација и елиминација на бариерите за пристапност“.

14 Види: Тематски извештај на Waddington L. и Broderick A., *Законите за попреченост и обврската за соодветно приспособување при вработување: Правна анализа на состојбата во земјите членки на ЕУ*, Европска Комисија, 2016 година, стр.45, достапно на: <https://publications.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/154560d2-d494-4080-90b5-dacfc1b83094>.

15 Види: Комитет на ООН за правата на лицата со попреченост, Општ Коментар број 2, CRPD/C/GC/2, 2014 година, пара.26, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/TBSearch.aspx?Lang=en&TreatyID=4&DocTypeID=11>.

16 Види: Комитет на ООН за правата на лицата со попреченост, Општ Коментар број 2, CRPD/C/GC/2, пара.25, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/TBSearch.aspx?Lang=en&TreatyID=4&DocTypeID=11>.

17 *Ibid.*

18 *Ibid.*

19 *Ibid.*

20 Види: Lawson A., *Разумното припагодување во Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и недискриминацијата при вработување: издигнување до предизвикот?*, во O'Mahony C. и Quinn G., Disability Law and Policy: An Analysis of the UN Convention, Clarus Press, 2017 година, стр.365.

21 Види: Тематски извештај на L. Waddington и A. Broderick, *Законот за попреченост и обврската за соодветно приспособување при вработување: Правна анализа на состојбата во земјите членки на ЕУ*, Европска Комисија, 2016 година, стр.45, достапно на: <https://publications.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/154560d2-d494-4080-90b5-dacfc1b83094>

да се надмине и потребата за покренување на големи зафати со соодветното приспособување, но и обратно. Со соодветното приспособување може да се овозможи и придонесе објектот да биде физички пристапен или да се воспостави пристапност до информациите од коишто ќе имаат корист и другите лица со попреченост, како и самиот поединец во чија корист е покренато и спроведено соодветното приспособување.[22]

## 1.1.6 СООДВЕТНОТО ПРИСПОСОБУВАЊЕ И АФИРМАТИВНИТЕ МЕРКИ

Разликата помеѓу афирмативните мерки и соодветното приспособување се состои во тоа што соодветното приспособување е јасно определено и дефинирано, додека пак афирмативните мерки се дозволени, но не и задолжителни. Така, неуспехот да се обезбеди афирмативна мерка на национално ниво не претставува дискриминација, за разлика од обврската за соодветно приспособување.

Другата разлика е во индивидуалниот карактер на соодветното приспособување за разлика од поширокиот карактер својствен за афирмативните мерки. Суштинската обврска за приспособувањето вклучува индивидуална проценка и приспособено индивидуално решение,[23] како во поглед на бараното приспособување, така и во поглед на проценката дали ваквото приспособување претставува несразмерно или непотребно оптоварување за субјектот.

Спротивно на тоа, афирмативните мерки се насочени кон самата група. Целите на соодветното приспособување и афирмативните мерки се слични до оној степен до којшто и двете акции се стремат да го зголемат учеството и вклучувањето на лицата со попреченост во општеството. Соодветното приспособување е „насочено кон постоечката оневозможеност за уживање на правата од страна на лицата со попреченост, додека афирмативни мерки се фокусирани кон сегашните ефекти наследени од минатата дискриминација“.[24]

22 *Ibid.*
23 Види: Вадингтон Л., *Спроведување и толкување на одредбите за соодветното приспособување од Директивата за вработување. Научени лекции и најдобра пракса*, 2004 година, стр.8, достапно на: <http://edz.bib.uni-mannheim.de/daten/edz-ath/gdem/04/reasonaccom.pdf>.
24 Види: Broderick A., *Долгиот и ветровит пат кон еднаквост и*

# 1.1.7 СООДВЕТНОТО ПРИСПОСОБУВАЊЕ И РОДОВИОТ АСПЕКТ

КПЛП во самите принципи ја исцртува родовата нишка којашто е дел од обврските на државите. Членот 6 претставува обврзувачка одредба за недискриминација и еднаквост која недвосмислено ја забранува дискриминацијата врз жените со попреченост и промовира еднаквост на можностите и еднаквост на исходот.

Членот 6 има за цел да се бори против повеќекратната и интерсекциската дискриминација врз жените и девојките со попреченост, особено во делот на: еднаков пристап до образование, економски можности, социјална интеракција и правда, еднакво признавање пред законот; и способноста да учествуваат во политиката и да го контролираат сопствениот живот во низа контексти, како на пример во однос на здравствената заштита, вклучувајќи ги услугите за сексуално и репродуктивно здравје и каде и со кого сакаат да живеат.[25]

Како и поголемиот дел од самата КПЛП, така и членот 6 има хоризонтална примена и е меѓусебно поврзан со останатите одредби од КПЛП, особено со: одредбите коишто се однесуваат на насилство врз жените со попреченост (член 16) и со сексуалното и репродуктивно здравје и права, вклучувајќи го и почитувањето на домот и семејството (член 23 и член 25) и областите на дискриминација врз жените со попреченост во другите релевантни членови.

Во својата скорешна јуриспруденција, Комитетот за елиминација на дискриминација врз жените[26] за состојбите во Унгарија изрази загриженост во врска со непостоењето Водичи и Упатства за јавните и приватните работодавачи, со цел жените со попреченост да имаат посоодветен пристап за вработување, вклучувајќи го и соодветното приспособување.

Од аспект на соодветното приспособување со оглед на персоналниот опфат, државите покрај специфичните мерки треба да им овозможат на жените и девојките со попреченост и соодветно приспособување во сите области со цел постигнување на суштинска еднаквост на жените со попреченост.

# 1.1.8 СООДВЕТНОТО ПРИСПОСОБУВАЊЕ И ЈАВНАТА СВЕСТ

Концептот на еднаквост и недискриминација за лицата со попреченост не може да се реализира само преку донесување на законска рамка и судска пракса. Покрај обврската да се обезбеди соодветно приспособување, во членот 5, став 3 од државите се бара: „да ги преземат сите соодветни мерки за да го обезбедат соодветното приспособување“ во пракса. Со оглед на хибридниот карактер на самата КПЛП, овој член читајќи го низ призмата на член 8 налага државите да преземат мерки за подигање на јавната свест за самиот правен институт, но и за природата и обврските коишто произлегуваат од него.

Имајќи предвид дека овој институт ги засега како јавните, така и приватните субјекти во сите области, неопходно е државата да преземе акции за подигнување на јавната свест на лицата со попреченост и на јавните и приватните субјекти како најефикасно да ја исполнат оваа обврска. Во мерките за подигнување на јавната свест, особено треба да бидат опфатени и чинителите во правниот систем. Една од препораките на Комитетот за правата на лицата со попреченост за РСМ[27] (член 5, став (в)) е дека државата треба да „обезбеди редовни обуки на јавните и приватните чинители за недискриминација и соодветно приспособување за лицата со попреченост, а кои ќе се фокусираат на пристапот кон попреченоста базиран на човековите права, наместо преку традиционалниот медицински и милосрден пристап“.

*вклучување на лицата со попреченост: Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост*, 2015 година, стр.120, достапно на: <https://cris.maastrichtuniversity.nl/ws/files/1699051/guid-17dc193e-9ce9-40b4-8aeb-9b3756a275ae-ASSET1.0>.

25 Види: Комитет на ООН за правата на лицата со попреченост, Општ Коментар број 3 за жените и девојките со попреченост, CRPD/C/GC/3, 2016 година, пара.2, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD%2fC%2fGC%2f3&Lang=en>.

26 Види: Комитет за елиминација на дискриминација врз жените, Заклучни согледувања за комбинираните седми и осми периодични извештаи за Унгарија, усвоени од Комитетот на педесет и четврта сесија, 11 февруари - 1 март 2013 година, достапно на: <https://www2.ohchr.org/english/bodies/cedaw/docs/co/CEDAW.C.HUN.CO.7-8.pdf>.

27 Види: Заклучни согледувања на Комитетот за правата на лицата со попречност, 2018 година, достапно на: <https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/concluding_observation_2018_committee_on_the_rights_of_persons_with_disabilities.pdf>.

# 1.2 СООДВЕТНОТО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ПРЕКУ ПРАКСАТА НА КОМИТЕТОТ ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Кога станува збор за соодветното приспособување треба да се напомене дека тоа не претставува апсолутно право, туку напротив, подлежи на определени рамки коишто се одредени преку концептот на „несразмерно оптоварување". Оттука, необезбедувањето на соодветното приспособување нема да претставува дискриминација кога приспособувањето има несразмерно оптоварување за носителот на обврската. Оваа рамка го отвора и прашањето: „Што и кога приспособувањето претставува несразмерно оптоварување?"

При утврдувањето дали приспособувањето претставува несразмерно оптоварување или пак не, најчесто при ваквата проценка факторот се сведува на трошоците, коишто пак се мерат согласно придобивките коишто лицата со попреченост би ги имале од ова. Де Кампос Велхо Мартел посочува дека: „Сериозната анализа на трошоците и придобивките од соодветното приспособување треба да вклучува повеќе фактори, дополнително на економските. Притоа вели дека при проценката мора да се земат предвид и да се вклучат „трошоците на постоечката стигма кон лицата со попреченост и придобивките од вклучувањето, не само на лицето кое бара приспособување, туку и придобивките за третите страни".

Иако, прашањето за бенефициите за третата страна може да биде релевантно при одредувањето дали товарот е „несразмерен" или „несоодветен", мал број од Европските законски одредби се однесуваат на критериумот за придобивките на третите страни.

КПЛП не дава насоки во однос на ова прашање. Во контекст на соодветното приспособување и Комитетот за правата на лицата со попреченост не елаборира специфични критериуми за спроведување на тестот на пропорционалност. Но, сепак низ праксата на неговата јуриспруденција и општите коментари посочува дека со оглед на самата природа на овој инструмент треба да се воспостави баланс помеѓу потребите и интересите на лицето со попреченост и носителот на обврската.

Трошоците за обезбедување на соодветното приспособување се релевантен фактор за да се утврди дали и до кој степен носителот на обврската може да тврди дека е ослободен од самата обврска. Овој пристап е посочен и во „Општиот коментар број 4 за правото на инклузивно образование на Комитетот за правата на лицата со попреченост" - во параграф параграф 30 каде се наведува дека „достапноста на приспособувањата треба да се гледа во однос на поширокиот обем на ресурси коишто се достапни, а не ограничено на ресурсите расположливи во конкретната институција".

Во пресудата од 2009 година на Основниот суд во Гент[28] е посочено како должината во обезбедувањето на соодветното приспособување функционира на национално ниво во областа на образованието. Во случајот, родители на три деца со оштетен слух коишто посетуваат редовно училиште тврделе дека распределбата на часовите, односно од 5 до 9 часа неделно за толкувач на знаковен јазик во училиштето не е доволна за да нивните деца го следат образовниот процес. Како резултат на тоа, тие започнале постапката против училиштето и фламанската заедница, тврдејќи дека одбивањето да им се доделат дополнителни часови за поддршка на нивните деца претставува необезбедување на соодветно приспособување. Понатаму, тие тврделе дека постапката утврдена од страна на Фламанската влада во врска со обезбедувањето помош од толкувач претставува одбивање на соодветно приспособување само по себе.

> Судијата сметал дека Фламанската заедница е одговорна за неуспехот во обезбедувањето на соодветно приспособување. Судот, во конкретниот случај посочил дека постапката утврдена од страна на Владата при распределбата на поддршката за толкувањето не ги зела предвид индивидуалните потреби на секое дете. Соодветно на тоа, Судот ѝ наредил на Фламанската заедница да им обезбеди на тужителите број на часови за поддршка кои соодветствуваат на 70% од нивното време во рок од пет месеци од изрекувањето на пресудата.

Иако, случајот се однесува на јавниот сектор, од пресудата може да се извлечат насоки во поглед на обврските за соодветно приспособување и за приватниот сектор.

Во случајот „*Jungelin v. Sweden*", Комитетот за правата на лицата со попреченост потврди дека државите уживаат дискреција при формулирањето на обврската за соодветното приспособување, особено во однос на одлуките за тоа кога товарот ќе се смета за „несоодветен" или „непропорционален". Оттаму, Комитетот укажува дека нема прекумерно да интервенира во одлуката на националните судови за одбрана на обврската за приспособувањето, особено во случај кога националниот суд темелно го оценува барањето за соодветното приспособување. Во овој случај, Комитетот сметал дека судот „детално и објективно ги оценил сите елементи поднесени од тужителот и Агенцијата за социјално осигурување, пред да дојде до заклучок дека мерките за поддршка и адаптација препорачани од страна на Народниот правобранител би претставувале несразмерно оптоварување за Агенцијата за социјално осигурување". Понатаму, Комитетот сметал дека барателот не обезбедил никакви докази, што укажува дека извршената проценка била очигледно арбитрарна или претставува негирање на правдата. Како последица на тоа, Комитетот сметал дека не може да утврди повреда на членовите 5 и 27 од Конвенцијата.[29]

Сепак, Комитетот јасно ставил до знаење и во други одлуки, како што е случајот „*H.M v.Sweden*"[30] дека ќе интервенира на национално ниво и може да укаже на повреда на членот 5, односно кога државата не ги обврзува државните органи или приватните субјекти да отстапуваат од конвенционалните практики со цел да се излезе во пресрет на потребите на лицето со попреченост. Во овој случај, Комитетот констатира повреда на членот 5, 25 и 26 а во врска со член 3 и 4 и посочува дека државата при одбивањето на барањето не ги зела предвид конкретните околности на случајот, како и потребите поврзани со попреченоста на барателот. Па затоа оваа одлука на домашните власти да го одбијат отстапувањето од градежно-урбанистичкиот план со цел да се дозволи изградба на базен за хидротерапија на имотот на барателката во нејзина сопственост е непропорционална и предизвикала дискриминаторски ефект којшто негативно влијаел на пристапот на лицето со попреченост до здравствената заштита и рехабилитација потребна за нејзината специфична здравствена состојба (параграф 8.8).[31] Оттука,

28 Види: Белгија, Првостепениот суд во Гент (*tribunal de première instance – Rechtbank van eerste aanleg*), (итни постапки), Марија Герда (претставник на нејзиниот син Дилан Моенс) против Синт-Бавохуманија и Фламанската заедница; Рони Ван Ландујт и Карин Ван де Гинсте (претставници на нивната ќерка Силвија Ван Ландујт) против Марија Асумпта и Фламанската заедница; Јалчин Батур и Сандра Роуз (претставници на нивната ќерка Шарлот Батур) против училишниот комитет на Институтот Синт-Франкискус и Фламанската заедница, пресуда од 15 јули 2009 година.

29 Види: Ms. Marie-Louise Jungelin vs. Sweden, Communication No. 5/2011, CRPD/C/12/D/5/2011, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD-C-12-D-5-2011&Lang=en>.

30 Види: H.M v. Sweden, Communication No.3/2011, CRPD/C/7/D/3/2011, достапно на: <https://www.ohchr.org/Documents/HRBodies/CRPD/CRPD.C.7.D.3.2011.doc>.

31 Види: Попоска Ж., *Толкувач на Меѓународната Конвенција за правата на лицата со попреченост на Организацијата на обединетите нации*, Полио Плус, 2018 година, стр.23,достапно на: <http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/Tolkuvac-B5-mk.pdf>

за некои лица со попреченост учеството во услугите за рехабилитација не е можно без индивидуализирана поддршка и мора секогаш да се заснова на слободна и информирана согласност.[32]

Во случајот „*Michael Lockrey v. Australia*", Комитетот за правата на лицата со попреченост наведува дека државата-договорна страна не ги презела неопходните чекори за да обезбеди соодветно приспособување. Тој заклучува дека одбивањето да се обезбеди толкување на знаковниот јазик „Ауслан" или стенографски белешки без да направи темелна проценка дали тоа би претставувало непропорционално или непотребно оптоварување - претставува дискриминација врз основ на попреченост и повреда на членот 5 од КПЛП (параграф 8.4 и параграф 8.5, соодветно).[33] Исто така, Комитетот во својата одлука посочува дека ако една држава тврди дека соодветното приспособување коешто го бара поединецот создава непропорционално или непотребно оптоварување (како што е во овој случај, кога државата тврди дека употребата на стенографи „влијаела на комплексноста, цената и времетраењето на судењата),треба да обезбеди „податоци или анализи за да покаже дека тоа би претставувало непропорционално или непотребно оптоварување".

Преку случајот „*Mr.X v. Argentina*",[34] Комитетот потсетува дека обезбедувањето на правото на пристапност и соодветното приспособување се обврски коишто државите треба да ги обезбедат дури и во услови на притвор и во затворите, како и во институциите во коишто се сместени лицата со попреченост. Во овој случај, државите треба да ги преземат сите соодветни мерки за да им обезбедат услови за самостоен живот и целосно учество во сите сфери во местото на притвор на притворените лица со попреченост, вклучувајќи го и обезбедувањето пристап на еднаква основа со другите лица до различни места и услуги, како што се: бањи, дворови, библиотеки, работилници и медицински, психолошки, социјални и правни услуги (параграф 8.5). Во овој случај, Комитетот укажува дека недостатокот на пристапност и соодветно приспособување ги става лицата со попреченост во супстандардни услови на притвор (параграф 8.6).

32 Види: Комитет на ООН за правата на лицата со попреченост, Општ Коментар број 5 за независно живеење и вклучување во заедницата, CRPD/C/GC/5, 2017 година, пара.90, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/GC/5&Lang=en>.

33 Види: Michael Lockrey v. Australia, CRPD/C/15/D/13/2013, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/13/D/12/2013&Lang=en>.

34 Види: Mr. X v. Argentina, Communication No.8/2011, CRPD/C/11/D/8/2012, достапно на: <http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/11/D/8/2012&Lang=en>.

# 1.3 СООДВЕТНОТО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ВО СУДСКАТА ПРАКСА

Пристапувањето кон КПЛП од страна на ЕУ придонесе кон унапредување на заштитата на правата на лицата со попреченост во рамките на правото на Унијата, првично воспоставено со примарното и секундарното законодавство. Најважни извори на правото на Унијата во делот на заштитата од дискриминација на лицата со попреченост се: „Повелбата за фундаментални права на Европската Унија" и „Директивата 2000/78/ЕС". Дополнително, во рамките на Советот на Европа, непресушен извор на унапредување на правата на лицата со попреченост, вклучително и правото на еднаквост и принципот на недискриминација претставува Европската конвенција за човекови права (во понатамошниот текст: ЕКЧП) и Европската социјална повелба (во понатамошниот текст: ЕСП), објаснети подолу.

ЕСП содржи одредби за правата на лицата со попреченост на независност, социјална интеграција и учество во општествената заедницата. ЕСП се однесува на економските и социјалните права[35]. Ова претставува многу значаен инструмент бидејќи при уживањето токму на овие права постојат најголеми можности за појава на неоправдано разликување врз основа на *inter alia* попреченост. Анти-дискриминациската клаузула во членот Е од делот 5 се карактеризира со отворена листа на заштитни основи, а преку практиката е утврдено дека попреченоста е опфатена во категоријата „друг статус". Членот 15, став 2 од ревидираната ЕСП ги повикува државите „да ги прилагодат условите за работа на потребите на лицата со попреченост", а членот 15, став 3 ги повикува „да ја промовираат социјалната интеграција и учеството во заедницата преку мерки, вклучително и технички помагала со цел да се надминат бариерите за комуникација и мобилност, како и да се овозможи пристап до превоз, домување, културни активности и слободно време". Имено, оваа одредба се однесува на позитивните мерки коишто им овозможуваат едукација и стручна обука на лицата со попреченост и во неа експлицитно се напоменува дека државите мораат да промовираат мерки „за да ги прилагодат [условите] за работа на потребите на лицата со попреченост". Иако, соодветното приспособување не е изречно наведено се чини дека е опфатено во рамките на општите упатувања на мерките коишто го олеснуваат остварувањето на слободата на движење, правото на употреба на добра и културни содржини, како и правото на домување.

Праксата во однос на ова прашање од страна на Европскиот комитет за социјални права ја потврдува нивната заложба во опфатот на прашањето на попреченоста. Во нивните заклучоци соодветното приспособување е поставено како клучен услов.[36] Имено, во своите заклучоци за Франција, Комитетот конкретно побарал од Франција да обезбеди дополнителни информации во врска со тоа како концептот на соодветно приспособување е вграден во нивното законодавството.[37]

За разлика од ЕСП, ЕКЧП не содржи одредби кои експлицитно се однесуваат на попреченоста, лицата со попреченост или соодветно приспособување.[38] Членот 14 од ЕКЧП посочува дека уживањето на правата и слободите треба да се обезбедат без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус. Членот 1 од Протоколот број 12 ја зајакнува оваа одредба со тоа што забраната за дискриминација се однесува на сите права предвидено во националното законодавство.

Обврската за соодветното приспособување во контекст на ЕУ е утврдена во членот 5 од ЕУ Директивата за еднаков третман во вработувањето и професиите, односно Директивата 2000/78/ЕС.[39] Со неа се воспоставува една општа рамка за борба против дискриминацијата врз основа на религија или уверување, попреченост,

35 Види: Европска социјална повелба (ревидирана), European Treaty Series - No. 163, 1996 година, пара.15, достапно на: <https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/163>.

36 Види: Европски комитет за социјални права, заклучоци - членови 1, 9, 10, 15, 18, 20, 24, 25, Ерменија, стр.58, Белгија, стр.131, Кипар, стр.201-204, 2008 година, достапно на: <www.coe.int/t/dghl/monitoring/socialcharter/Conclusions/ConclusionsYear_en.asp>.

37 Види: Европски комитет за социјални права, заклучоци, Франција, стр.68, 2003 година, достапно на: <www.coe.int/t/dghl/monitoring/socialcharter/Conclusions/State/France2003_en.pdf>.

38 Види: Европска конвенција за човекови права, достапна на: <https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf>. Ниту попреченоста како основ, ниту лицата со попреченост се наведени во текстот на ЕКЧП. Единствено, во член 5 (д) ЕКЧП се зборува за законско притворање на „ментално оболени лица".

39 Види: Директивата 2000/78/ЕС од 27 ноември 2000 за еднаков третман во вработувањето и професиите, Official Journal L 303, 02/12/2000 P. 0016 – 0022, 2000 година, достапна на: <https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32000L0078&from=EN>.

возраст и сексуална ориентација во областа на вработувањето, професијата и обуката. И покрај хоризонталниот карактер и опфат, сепак истата има минималистички пристап.[40] Членот 5 во поглед на соодветното приспособување посочува дека: „Со цел да се обезбеди согласност со принципот за еднакво постапување во врска со лицата со попреченост ќе се обезбеди соодветно приспособување". Членот 5 од Директивата не навлегува подетално во значењето на „соодветно приспособување" и „несразмерен товар". Одредени упатства може да се извлечат од рециталите 20 и 21 на Директивата. (види подолу 1.4).

Овој член во поглед на персоналниот опфат се однесува само на лицата со попреченост коишто се способни и квалификувани да вршат одредената работа, а им е потребено приспособување за да можат да пристапат кон нејзиното извршување. Тоа е отсликано и во преамбулата на Директивата, односно во рецталот 17, во којшто е наведено дека: „Не се опфаќа вработувањето, унапредувањето, задржувањето во работен однос или давањето на обука на лице кое не е компетентно, способно и достапно да ги врши основните функции на односното работно место или да ја посетува обуката ...".[41] Со други зборови, обврската за соодветно приспособување може да биде иницирана исклучиво од страна на лице со попреченост.

Директивата предвидува различни појавни форми на дискриминацијата и преку случајот „*Coleman v. Attridge Law*",[42] Судот на правдата на ЕУ ја проширува и препознава дискриминацијата по асоцијација, овозможувајќи им на лицата без попреченост да бараат заштита од дискриминација доколку биле предмет на вознемирување или директна дискриминација поради нивната врска или сродство со лицето со попреченост. Во таа насока, мајка на дете со попреченост може да се повика на заштитата предвидена со Директивата за да го оспори неповолното постапување што го добила од нејзиниот работодавач, само поради попреченоста на својот син. За разлика од КПЛП, Директивата не го дефинира експлицитно необезбедувањето на соодветното приспособување како *sui generis* форма на дискриминација. Сепак, Судот на правдата на ЕУ преку својата судска практика покажа дека го толкува членот 5 и соодветното приспособување како дел од пошироката обврска за недискриминација.

40 Види: Попоска Ж., Кадриу Б., Коцева Е., и Кочоска Е., *Анализата на дискриминациските практики во областа на вработувањето и работните односи врз етничка припадност, возраст, пол и ментална и телесна попреченост*, Полио Плус, 2014 година.

41 Види: Попоска Ж., Шавревски З., и Амдију Н., Водич за соодветно приспосбување, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2014 година, достапно на: <https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/vodic_za_soodvetno_prisposobuvanje.pdf>.

42 Види: Coleman v. Attridge Law, C-303/06, European Court Reports 2008 I-05603, пресуда од 17 јули 2008 година, достапно на: <https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A62006CJ0303>.

Исто така, судската пракса на ЕСЧП влијае врз обврските на државите-членки да го спроведат овој правен институт со прифаќање на поширок пристап согласно и одредбите од КПЛП.

За првпат во случајот „*Glor v. Switzerland*",[43] Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст: ЕСЧП) утврдува дека членот 14 опфаќа и забрана на дискриминација врз основа на попреченост.

Во овој случај ЕСЧП се повикал на КПЛП и за првпат го употребил концептот на соодветно приспособување. Иако, ЕКЧП експлицитно не го признава правото на соодветно приспособување, пресудата во случајот „Глор против Швајцарија" може да се толкува како признание дека обврската за обезбедување на соодветно приспособување е вклучена во принципот на недискриминација, утврдена со член 14 од ЕКЧП. Пресудата на Судот се повикува на КПЛП како пример за потреба од заштита од дискриминација на лицата со попреченост.

ЕСЧП во поглед на соодветното приспособување е појасен и поконкретен во случајот „*Çam v. Turkey*".[44] Имено, случајот се однесувал на одбивањето на барателката - девојче со оштетен вид да се запише како студент на Турската национална музичка академија. И покрај тоа што г-ѓа Чам покажала соодветни способности да свири на турска флејта (саз), таа била одбиена бидејќи музичките курсеви не биле достапни за лица со оштетен вид. Барателката тврдела дека е дискриминирана врз основа на попреченост и се пожалила на повреда на членот 14 од ЕКЧП, а во врска со член 2 од Протоколот број 1 (право на образование). Со донесената одлука, ЕСЧП сметал дека дискриминацијата врз основа на попреченост според членот 14 од ЕКЧП го опфаќа и необезбедувањето на соодветно приспособување како што е дефинирано во членот 2 од КПЛП. Судот посочил дека со одбивањето на пријавата на жалителката без да се задоволат нејзините потреби, турските власти ја спречиле да го оствари своето право на образование без никакво објективно оправдување.

Подетален пристап во однос на соодветното приспособување ЕСЧП зазема во случајот „*Guberina v. Croatia*".[45] Во овој случај, таткото на дете со попреченост покренал постапка против Хрватска којашто се однесувала на ослободување од данок при купување куќа. Господинот Губерина живеел во стан на третиот кат во зграда без пристап за лица со попреченост во Загреб. Бидејќи на неговото дете му било тешко да живее во ваквата зграда, жалителот и неговото семејство одлучиле да се преселат во различно и подостапно сместување, односно да си купат нов дом. Тој побарал да биде ослободен од данок при купувањето. Согласно хрватското законодавство ова изземање всушност било на располагање на купувачите коишто се преселувале со цел да ги решат своите „потреби за домување", односно кога нивниот претходен имот не ја поседувал „основната инфраструктура" (т.е. не ги задоволувал основните хигиенски и технички услови). Жалителот тврдел дека пристапноста е елемент на „основната инфраструктура" и дека неговиот претходен стан не ги задоволувал потребите за домување на неговото семејство. Хрватските власти пак, сметале дека стариот стан на жалителот ги поседува сите основни карактеристики на инфраструктурата и тие го одбиле неговото барање без да ги земат предвид посебните околности за неговиот син. Откако ги исцрпил сите домашни правни лекови, г-динот Губерина поднел барање до ЕСЧП повикувајќи се на повреда на правата од член 8 и 14 од ЕКЧП, а во врска со член 1 од Протоколот број 1 (правото на сопственост). ЕСЧП ја потврдува потребата да се даде широко толкување на концептот на недискриминација врз основа на попреченост, вклучително и дискриминација по асоцијација. Во пресудата, судот дополнително упатува на концептот на соодветно приспособување како што е дефинирано во членот 2 од КПЛП и смета дека хрватските власти не ги зеле предвид специфичните потреби барателот коишто се однесувале на неговиот син – лице со попреченост. ЕСЧП смета дека начинот на којшто хрватското законодавство се применува во пракса не успева да ги задоволи потреби на жалителот што е спротивно на обврските коишто произлегуваат од КПЛП.

43 Види: Glor v. Switzerland, Application no. 13444/04, пресуда од 30 април 2009 година, достапно на: <https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-92525%22]}>.

44 Види: Çam v. Turkey, Application no. 51500/08, пресуда од 23 февруари 2016 година, достапно на: <https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-161149%22]}>.

45 Види: Guberina v. Croatia, Application no. 23682/13, пресуда од 22 март 2016 година, достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-161530%22]}

Овој пристап на судот е потврден и во случајот „Kacper Nowakowski v. Poland“[46], во којшто судот ја разгледува улогата на соодветно приспособување и се осврнува на специфичните потреби на лицата со попреченост. Случајот се однесувал на правата на таткото којшто бил со оштетен слух. Проблемот се појавил кога тој требало да комуницира со својот син кој исто така имал оштетување на слухот. Г-динот Новаковски, односно жалителот се пожалил дека неговото барање за продолжување на времето за контакт со неговиот син било одбиено исклучиво заради неговата попреченост и на тој начин бил дискриминиран. При решавањето на случајот, ЕСЧП ги испитал причините поради кои националните судови го отфрлиле барањето на Новаковски. Судот истакнал дека судовите во Полска ја вклучиле и мајката на детето во договорите за контакт бидејќи таа можела да комуницира со синот и усно, како и на знаковен јазик. Сепак, со ова решение била игнорирана постоечката тензија помеѓу родителите и честите поплаки на жалителот дека мајката се обидува да го опструира контактот и да ја маргинализира улогата на жалителот. Имајќи ја предвид специфичната фактичка состојба, судот сметал дека на жалителот и на неговото дете ќе им треба повеќе време отколку што би било потребно во вообичаена ситуација. Во него се наведува дека одбивањето на барањето на Новаковски за продолжување на времето за контакт значело дека жалителот го задржал своето право на два часа контакт неделно со синот во присуство на мајката. Во својата пресуда, ЕСЧП посочил дека домашните судови требало да предвидат дополнителни мерки, прилагодени на специфичните околности на случајот. Со оглед на спецификите на состојбата на жалителот и природата на неговата попреченост, надлежните органи мора да спроведат посебни мерки коишто ќе ја земат предвид состојбата на жалителот. Дополнително, судот во својата пресуда по предметот (параграф 93) се повикал на член 23, параграф 2 од КПЛП „Почитување на домот и семејството“, каде државите имаат обврска да обезбедат соодветна поддршка на лицата со попреченост при извршувањето на нивните одговорности кон децата.

Сепак, и покрај скромната јуриспруденција во една од последните свои одлука во случајот „Glaisen v. Switzerland“[47], ЕСЧП се враќа чекор наназад. Имено, во

46 Види: Kacper Nowakowski v. Poland, Application no. 32407/13, пресуда од 10 јануари 2017 година, достапно на: <https://hudoc.echr.coe.int/eng#{“fulltext”:[“32407/13”],”documentcollectionid2”:[“GRANDCHAMBER”,”CHAMBER”],”itemid”:[“001-170343”]}>.

47 Види: Glaisen v. Switzerland, Application no. 40477/13, одлука од 25 јуни 2019 година, достапно на: <https://hudoc.echr.coe.int/eng#{“fulltext”:[“40477/13”],”documentcollectionid2”:[“GRANDCHAMBER”,”CHAMBER”,”DECISIONS”],”itemid”:[“001-194652”]}>.

овој случај г-динот Глајзен е психолог, лице во количка. Како голем љубител на филмови, тој сакал да гледа еден филм којшто се прикажувал само во едно кино во Женева. Киното немало пристап за лица со попреченост при што лицата со количка не можат ниту да влезат, ниту да излезат од киното без помош од други лица. Киното одбило да му продаде влезница на Глајзен, иако тој тврдел дека две лица ќе бидат доволни да му помогнат за да влезе. Тој поднел жалба против компанијата. Во текот на првата постапка, Глајзен докажал дека со помош од две лица можел да влезе во кино салата. Сепак, судовите во Швајцарија сметале дека ваквата ситуација е исклучително и ретка за да може истата да има влијание врз неговиот социјален живот и неговото право да оди на кино. Потоа, тој поднел жалба до ЕСЧП за повреда на членовите 8, 10 и 14 од ЕСЧП. Во врска со случајот, ЕСЧП донесува пресуда дека нема повреда на правата на жалителот. Според судот, ситуацијата не може да се смета за дискриминаторска и ЕКЧП не го заштитува правото на пристап до кино. Од аспект на член 8 од ЕКЧП, а повикувајќи се на КПЛП, ЕСЧП признава дека лицата со попреченост треба да можат да учествуваат и да бидат целосно интегрирани во општеството. Но, со оглед на фактот дека останатите кина биле пристапни, а само 10–12 % од филмовите се прикажуваат во кино сали без пристап, барателот можел да оди на кино и да го оствари својот личен развој. И покрај тоа што судот утврдил дека киното е важен сегмент од приватниот и социјалниот живот, сепак оценил дека нема повреда на член 8 од ЕКЧП и дека личниот живот на жалителот не бил нарушен премногу сериозно.

Ваквиот пристап покажува немање волја од страна на судот да се согледа структурната нееднаквост и дискриминација на лицата со попреченост, како и да се препознае соодветното приспособување како механизам против дискриминацијата, односно како алатка за подигнување на јавната свест и алармирање на обврските коишто државите ги имаат во однос на остварувањето на правата на лицата со попреченост. Освен тоа, ваквата пресуда може да претставува демотивирачки фактор за лицата со попреченост во барањето и остварувањето на правдата во иднина.

# 1.4 ЛИСТА НА ПРИМЕРИ НА СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ

Поради индивидуалниот опфат на обврската за соодветното приспособување не е можно да се обезбеди исцрпна листа со видовите на приспособувањата кои би биле соодветни во дадената ситуација или конкретно во некоја област.

Приспособувањата може да се поделат во две категории и тоа: „технички решенија“ коишто ги вклучуваат помошните уреди или други прилагодувања на работното место и „организациски решенија“ коишто се применуваат во областа на работните односи, приспособувањето на работното време и прераспределбата на обврските, како и кај договорите за работа, отсуството заради попреченост, продолжувањето или дополнителното отсуство и обезбедувањето поддршка, но и преместувањето во друга канцеларија и прераспоредувањето на друго работно место.[48]

Поради својот индивидуален карактер, во поглед на соодветното приспособување, дури и Комитетот за правата на лицата со попреченост потврдува дека „не постои формула којашто ќе ги опфати и ќе се однесува на сите лица“.[49] Во контекст на образованието, Комитетот за правата на лицата со попреченост посочува дека „учениците со иста попреченост може да бараат различни приспособувања“ и истите може да вклучуваат (но не ограничувајќи се само на):

- промена на местото на одржување на часовите;
- обезбедување на разни форми на комуникација во рамките на одделението;
- зголемување на фонтот на материјалите;
- материјали и/или предмети изразени преку знаци или обезбедување на сите материјали во алтернативен формат;

48 Види: Фери Д., и Ласон А., *Соодветно прилагодување за лицата со попреченост во областа на вработување: правна анализа на ситуацијата во земјите-членки на ЕУ, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка*, Европска комисија, 2016 година, стр.10.

49 *Види: Комитет на ООН за правата на лицата со попреченост, Општ Коментар бр. 4 за правото на инклузивно образование, CRPD/C/GC/4, 2016 година, пара.29, достапно на:* <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/GC/4&Lang=en.>.

- обезбедување записничар или преведувач/толкувач по соодветниот јазик за учениците или да им се дозволи на учениците да користат помошна технологија во учењето и оценување на ситуации.

Исто така, според Комитетот за правата на лицата со попреченост, соодветното приспособување по својата природата може да биде „нематеријално“. Тука може да се вклучат следниве мерки:

- овозможување повеќе време за ученикот;
- намалување на нивото на бучава во позадина;
- чувствителност на сензорни преоптоварувања;
- алтернативни методи за евалуација или замена на елемент на наставната програма со алтернативен елемент.

Во рециталот 20 од преамбулата на Директивата на ЕУ за еднаквост при вработување којашто е погоре објаснета посочени се следните примери на видови мерки коишто би можеле да претставуваат соодветно приспособување во областа на вработувањето:

- приспособување на просториите и опремата;
- флексибилни модули на работно време;
- распределба на задачите;
- обезбедување на ресурси за обука или интеграција.

Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права (OHCHR)50 посочува на неколку дополнителни примери:

- постоечките капацитети и информации му се достапни на засегнатото лице;
- адаптација на опремата;
- реорганизирање на активностите;
- приспособување на наставните материјали;
- приспособување на наставните програми кон способностите на лицето;
- приспособување на процедурите за аплицирање и проценката на состојбата;
- спроведување на специфични комуникациски модалитети;
- овозможување пристап на персоналот за поддршка.

50 Види: Канцеларијата на Високиот Комесар за човекови права при Обединетите Нации, *Еднаквост и недискриминација според Членот* 5 од КПЛП, ОН Док. A/HRC/34/26, 2017 година, пара.28, достапно на: <https://undocs.org/A/HRC/34/26>.

# II.

# ПОГЛАВЈЕ



# 2.
# СООДВЕТНОТО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ВО НАЦИОНАЛНАТА ПРАВНА РАМКА

Националното законодавство не располага со голем број прописи коишто го имаат интегрирано необезбедувањето на соодветното приспособување како форма на дискриминација врз основа на попреченост.

Сепак, постоечката рамка може да се земе како основа којашто треба да се унапредува преку измени и дополнувања на постојните законски решенија и во иднина да се создава национална судска пракса.

## 2.1
## ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: ЗСЗД[51]) ги надополни правните празнини коишто постоеја во правниот систем во областа на недискриминацијата.

Во новиот текст на Законот, уште во самиот член 2 е внесен нормативот на еднаквост. Ова е од голема важност за граѓаните со попреченост во борбата против дискриминацијата и обезбедувањето на инклузивната еднаквост - дотолку повеќе што законите, кога станува збор за дискриминацијата кон лицата со попреченост треба да бидат ориентирани кон постигнувањето на еднаквоста, а не само кон декларативната заштита од дискриминација. Со воведување на обврската за промоција на еднаквоста и превенција од дискриминација (член 3), законодавецот експлицитно ја предвидува позитивната обврска на државата и нејзините органи коишто треба да имаат активна улога во спречувањето на дискриминацијата врз која

51 Види: Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен Весник“ бр. 101/2019, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

било основа. Ова е особено значајно во борбата против системската и структурната дискриминација кон лицата со различен вид на попреченост. Мерките и дејствијата предвидени во новиот ЗСЗД се ставени како обврска за сите јавни и приватни, правни и физички лица.

Од големо значење е тоа што во самиот член 3, ЗСЗД предвидува обврска за прикажување на статистичките податоци согласно дискриминаторската основа од страна на сите субјекти задолжени за собирање на вакви податоци. Ова е од голема важност имајќи ги предвид обврските од член 31 од КПЛП. Воедно, овие податоци би биле алатка за соодветно адресирање на одредени видови дискриминација, како и за директно постапување пред судовите во соодветните постапки. Во поглед на основите за дискриминација, за разлика од претходниот текст на законот којшто имаше лимитиран опсег во врска со основот попреченост, новиот текст прави промена на терминот „ментална и телесна попреченост" со терминот „попреченост" (член 5, ЗСЗД). Дефиницијата за попреченост во членот 4 од ЗСЗД, ако се чита во врска со член 5 и 6 од ЗСЗД има поширок опфат и се однесува на лицата со попреченост коишто и во минатото имале попреченост, кои имаат или ќе имаат некаква попреченост.

Со оглед на обврските на државата за забрана на „каква било дискриминација" согласно КПЛП, новиот ЗСЗД ги вклучува сите форми на дискриминација, меѓу кои и повеќекратната, интерсекциската дискриминација и дискриминацијата по асоцијација. Вака, членот 13 има со поширок опсег и е на исто рамниште со членот 5 од КПЛП, при што овозможува преземање акции насочени кон искоренување и борба против сите дискриминаторски ситуации и/или дискриминаторски однесувања поврзани со попреченост. ЗСЗД дополнително опфаќа широка и отворена листа области во коишто ќе се применува еднаквоста и заштитата од дискриминација (член 3 став 2). Меѓу овие области се вбројува и пристапот до добрата и услугите.

Соодветното приспособување претставува составен дел од дефиницијата за дискриминација во Законот (член 4, став 4). Имено, согласно ЗСЗД соодветното приспособување претставува: „Неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Оневозможување на соодветно приспособување е дискриминација". Со овој пристап, ЗСЗД, како и КПЛП, посочува на хоризонталниот пристап на еднаквоста и забраната од дискриминација врз основ на попреченост. Гледано од аспект на персоналниот опфат, соодветното приспособување ги опфаќа сите лица со попреченост, а не само оние кои поради одредени социјални бенефиции се категоризирани како лица со попреченост.

Паралелно со правниот институт на соодветното приспособување, законодавецот во формите на недискриминација го предвидува оневозможувањето на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите. Под поимот на пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите (член 4, став 5) се подразбира „преземање на соодветни мерки што осигуруваат дека лицата со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи, до други јавни објекти и услуги во урбани и рурални области. Оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите е дискриминација".

Со овој пристап, законодавецот направил разграничување помеѓу пристапноста и достапноста и соодветното приспособување. Кога зборуваме за соодветното приспособување и пристапноста, нашето законодавство не дава јасен одговор на прашањето за обврската на одговорното лице (јавен/приватен субјект), како на прашањето поврзано со одговорноста на државата преку нејзините институции - на пример, превозот, водоводно-канализационите инсталации (вклучувајќи ги и хигиенските услови и тоалетите), зградите, рестораните, религиските објекти и рекреативните простори треба да бидат инклузивни, пристапни и безбедни.

Пристапот на универзален дизајн подразбира и обезбедување асистивни (помошни) уреди, апликации и софтвер. Државата треба да ги утврди стандардите за пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите и истите да ги инкорпорира во стандардите за јавни набавки коишто треба да важат за сите јавни и приватни институции или организации. Идентификувањето на дискриминацијата во голема мера ќе зависи од природата на обврската којашто ја има државата, како и идната судска практика по однос на ова прашање.

И во поглед на соодветното приспособување, законодавецот не дава насоки за тоа што би било „несразмерно или непотребно оптоварување" и кои фактори би требало да се земат предвид при анализата на несразмерното и непотребното оптоварување - дотолку повеќе што ова може да биде еден од изговорите на институциите (јав-

ни или приватни) за неисполнувањето на обврската за соодветно приспособување. Ова во иднина ќе треба да се надмине со оглед на комплексноста на овој правен институт.

Во членовите од 16 до 31, ЗСЗД предвидува воспоставување на тело за еднаквост - Комисија за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: КСЗД) и ја регулира постапката пред него. Надлежностите на КСЗД (член 21) се значајно проширени и во себе ги опфаќаат и обврските за промоција на еднаквоста, следење на судските постапки, учество во подготовката на извештаи, закони, итн. Значајно за лицата со попреченост е дека во непосредна комуникација со Комисијата може да се употребува и знаковниот јазик (член 24, став 3). Со овој пристап е овозможено лицата со сензорна попреченост директно и без посредници да ѝ се обратат на КСЗД. Исто така, за ефикасно функционирање на КСЗД се предвидени и средства за соодветно приспособување за лицата со попреченост (член 15, став 1). Оваа одредба има прогресивен пристап.

Но, сепак со цел соодветно да бидат искористени овие средства од страна на Комисијата е неопходно усвојување на јавна политика за формите, начинот и процедурите за соодветно приспособување којашто ќе се применува за некој Комесар со попреченост или за одредена странка со попреченост. Во исто време, со цел да се овозможи поголема афирмација и подигање на јавната свест кај лицата со попреченост, КСЗД треба да го изработи текстот на законот во пристапна и достапна форма, како и во лесно разбирливи/читливи формати.

Во поглед на процесните одредби изречно предвидено во ЗСЗД е преминувањето на товарот на докажување од лицето кое ја поднесува претставката кон лицето/ентитетот против кое истата е поднесена.

Од аспект на лицата со попреченост, значајна е одредбата за можноста да се поднесе тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес – *actio popularis* (член 35). Со оглед на самиот карактер *actio popularis* како механизам може да се примени при системски повреди на правата и за заштита на одредена, поголема група, односно заедница што претставува јавен интерес на едно општество.

Со оглед на самиот опфат, овој механизам не може да биде искористен и за покренување тужба за необезбедување на соодветно приспособување, којшто како што наведовме претходно има индивидуален пристап и се однесува на надминувањето на дискриминацијата

на конкретната индивидуа со попреченост во конкретна зададена ситуација. Но, истата може да се користи и во случаи на предизвикување на непостоење на генерална пристапност за лицата со попреченост.

Според мислењето на авторките потребно е хармонизација на законите со ЗСЗД и со КПЛП, но не само со формално воведување на концептот на еднаквост, туку и со конкретизирање на обврските во контекст на конкретната област што ќе овозможат остварување на инклузивната еднаквост. Воедно, неопходно е и подигнување на свеста за соодветното приспособување, како на правните практичари, така и на членовите на новата КСЗД, Народниот правобранител (во понатамошниот текст: НП), ОЛП коишто обезбедуваат правна помош, Телото за мониторинг на спроведување на КПЛП, како и обуки за промоција и примена на соодветното приспособување за практичарите од сите области во кои се применува ЗСЗД.

## 2.2 ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Соодветното приспособување во доменот на здравствената заштита може да се побара и оствари како право на пациентот на квалитетна и континуирана здравствена заштита. Имено, член 2 од Законот за заштита на правата на пациентите[52] (во понатамошниот текст: ЗЗПП) предвидува дека здравствената заштита треба да биде соодветна на поединечните потреби на пациентот, што укажува на правото на пациентите со попреченост на соодветно приспособување во сите фази во текот на медицинскиот преглед или третман. Истовремено, во оваа одредба се наведува дека правата на пациентот во здравствениот систем треба да се остваруваат „со целосно почитување на достоинството на неговата личност и во негов најдобар интерес". Читајќи го овој член во врска со член 5 став, 2 од ЗЗПП може да се заклучи дека Законот го гарантира остварувањето на сите права на лицата со попреченост, вклучително и правото на соодветно приспособување без дискриминација по кој било основ.

52 Види: Закон за заштита на правата на пациентите (консолидиран текст), „Службен Весник" бр. 82/08, 12/09, 53/11, 150/15 и 190/19, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Соодветното приспособување во здравствената заштита треба да се разгледува и во соодност со правото на пациентот на учество во одлучувањето за одредена медицинска интервенција (членови 6-16 од ЗЗПП). Ако не може да го оствари последново право, лицето со попреченост не може ниту да побара соодветно приспособување. Изјавата за согласност за прифаќање или одбивање на одредена медицинска интервенција (член 14) треба да биде достапна во пристапна, печатена и електронска форма, како и по пат на видео толкување на знаковен јазик. На тој начин, лицата со сензорна попреченост (оштетен вид и оштетен слух) би можеле самостојно, без присуство на сведоци да ја прочитаат, разберат и потпишат оваа изјава. Воедно, треба да се гарантира и поддржаното донесување на одлуки за прифаќање или одбивање на медицинска интервенција за лицата со попреченост коишто имаат потреба од ваквата поддршка, согласно член 12 од КПЛП.

Во законите коишто го уредуваат правото на здравствена заштита и пристапот до здравствените услуги воопшто не се опфатени одредби за соодветно приспособување и регулирање на достапноста на патронажните служби за семејствата на лица со попреченост. Слично на домашната посета, ваквата служба треба да биде заснована врз индивидуалните потреби на секое семејство, вклучувајќи постпородилни посети на мајките и нивните доенчиња. Ваквите одредби би требало да опфатат редовни постпородилни посети и поддршка на мајките со попреченост, соодветна заштита од страна на обучен персонал и индивидуален пристап согласно потребите на секоја жена-пациентка. Во целиот овој систем треба да се вклучи и процесот на лиценцирање, обука, мониторинг и евалуација.[53]

Правото на соодветно приспособување на лицата со попреченост го опфаќа и правото на сместување и исхрана на нивниот придружник/асистент додека се на болничко лекување на товар на Фондот за здравствено осигурување. Ова право се остварува согласно Пра-

53 Види: *Анализа на состојбата на лицата со физичка попреченост*, Хелсиншки комитет за човекови права, 2017 година, достапно на: <https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/analiza-na-sostojbata-na-liczata-so-fiz/>.

вилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравственото осигурување и се однесува само на деца до тригодишна возраст (член 9-10). Значи, лицата со попреченост над тригодишна возраст треба да го платат престојот и исхраната на нивниот придружник со лични средства што е спротивно на Законот за заштита на правата на пациентите којшто го гарантира остварувањето на квалитетна здравствена заштита согласно потребите на секој пациент.

## 2.3

## ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Генерално, законодавството во областа на образованието не обезбедува системски пристап кон остварување на правото на образование на учениците и студентите со попреченост, без дискриминација и на еднаква основа со другите. Сепак, важен исчекор во позитивна насока е направен со Законот за основното образование[54] (во понатамошниот текст: ЗОО) којшто е првиот закон во оваа област што ја вклучува попреченоста експлицитно како дискриминаторска основа (член 5, став 1) и што го уредува обезбедувањето на соодветно приспособување како позитивна обврска на државата, општините и училиштата (член 11, ставови 5 и 6).

Во отворената листа на области во кои се забрануваат сите форми на дискриминација (член 5, став 2) се вклучени и „достапноста до услуги и придобивки, разумното прилагодување и пристапноста до и во објекти“. Со тоа, законодавецот ги поистоветува оневозможувањето на пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите со необезбедувањето на соодветното приспособување, коишто всушност се два различни правни институти. Во наредните измени на ЗОО, би било добро овие две форми јасно да се разграничи за да се избегне евентуална нејасност во неговата практична примена. Во тој однос, законодавецот оди чекор понатаму наведувајќи го непременувањето на одредбата за реонизација при запишувањето и бесплатниот превоз за ученици со попреченост како афирмативни мерки (член 6, став 2). По својот карактер, афирмативните мерки треба да постојат додека не се надмине или отстрани конкретната дискри-

54 Види: Закон за основното образование, „Службен Весник“ бр. 161/19, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

минаторска практика. Бесплатниот превоз за учениците со попреченост може да биде дел од мерките за соодветно приспособување, а не да се води како афирмативна мерка.

Законодавецот му посветува одделно поглавје на инклузивното образование каде е опфатено и правото на соодветно приспособување за секој ученик со попреченост. Тоа е дефинирано како „изменување и приспособување на условите за воспитание и образование во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување на училиштето, а е со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на учениците со попреченост на еднаква основа со другите“ (член 11, став 6). Законот не објаснува како и кој го иницира барањето за соодветно приспособување. Законодавецот треба да посочи дека соодветно приспособување може да побара ученикот со попреченост, неговиот родител/старател (во име на детето/ученикот) или инклузивниот тим, формиран за конкретниот ученик (согласно член 16 од ЗОО) по претходна консултација со ученикот.

Потоа, законот предвидува дека инфраструктурата, индивидуализираната поддршка и наставниот план и програма во основното образование се „разумно прилагодени според индивидуалните потреби на ученикот“ (член 11, став 5). Исто така, оваа одредба не ги опфаќа вонаставните активности коишто треба да бидат пристапни, инклузивни и приспособени согласно индивидуалните потреби на секој ученик со попреченост. Воедно, за поддршка на учењето на учениците со попреченост, основното училиште треба да обезбеди образовен асистент и личен асистент коишто ги избира, обучува и распоредува самото училиште со ресурсен центар во подрачјето каде што живее ученикот со попреченост (член 19). Изборот на образовниот асистент и личниот асистент би требало да се изврши во консултација со ученикот со попреченост, како и во консултација со инклузивниот тим којшто го следи неговиот напредок со цел да се обезбеди дека овие лица одговараат на индивидуалните потреби на ученикот.

За крај, треба да се напомене дека при запишувањето на учениците со попреченост во прво одделение, ЗОО предвидува обврска за родителите/старателите да достават мислење/функционален профил од соодветната комисија за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според Меѓународната класификација на функционалност (член 60, став 3). Со други зборови, за да ги остваруваат своите права, учениците треба да имаат законски утврден статус на ученици со попреченост. Ова е во спротивност со препораките на Комитетот за правата на лицата со попреченост во кои јасно се посочува дека човековите права, вклучително и правото на инклузивно образование треба да биде достапно за сите ученици, без разлика на видот, степенот и статусот на нивната попреченост. Законодавецот би требало да го гарантира правото на соодветно приспособување, пристапност до и во училиштето, како и поддршка во учењето за сите ученици со попреченост, без обврска за доставување проценка и мислење од каква било комисија.

Останатите закони во оваа област не содржат специфична обврска за соодветно приспособување за лицата со попреченост. Истите, треба да се хармонизираат со ЗСЗД во рок од две години од денот на неговото влегување во сила (22 мај 2019 година).

# 2.4

# ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА ВРАБОТУВАЊЕТО И РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Клучен закон што ја регулира областа на работните односи во генерални рамки е Законот за работните односи[55] (во понатамошниот текст: ЗРО) којшто претставува *lex generalis* во оваа област, дополнет со Законот за вработување на инвалидни лица[56] (во понатамошниот текст: ЗВИЛ) како *lex specialis*.

Како општ закон со широка примена, ЗРО експлицитно не ја предвидува обврската за овозможување на соодветно приспособување во процесот на регрутирањето, работата и користењето на придобивките од работниот однос. Сепак, важно е да се напомене дека овој Закон опфаќа одредени мерки за коишто е потребно да се примени индивидуализиран пристап што одговара на потребите и барањата на конкретното вработено лице

55 Види: Закон за работните односи (консолидиран текст), „Службен Весник“ бр. 62/2005, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, и 120/18, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

56 Види: Закон за вработување на инвалидни лица, „Службен Весник“ бр. 44/00, 16/04, 62/05, 113/05, 29/07, 88/08, 161/08, 99/09, 136/11, 129/15, 147/15, 27/16 и 99/18, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

со попреченост. Тука спаѓаат мерките за посебна заштита на лицата со попреченост предвидени во делот XII „Посебна заштита“. Имено, лицата со попреченост се сметаат за специфична и ризична група (член 162, став 4) и работодавачот треба ова да го земе предвид пред доделување на работните задачи и при суштинската промена на работните услови (став 6 од истиот член). Дополнително, доколку се утврди одреден ризик којшто не може да се елиминира на друг начин, работодавачот е должен да изврши промена на условите за работа или работните часови или пак да понуди соодветна алтернативна работа на работникот со посебен ризик (став 7 од истиот член). Целта на овие мерки е заштита на здравјето и безбедноста при работа на специфичните ризични групи, а не остварување на правото на работа на лицата со попреченост на еднаква основа со другите, поради што тие не можат да се сметаат како мерки за соодветно приспособување.

За работниците коишто попреченоста ја стекнале во текот на работниот процес (инвалиди на трудот) ЗРО го предвидува правото на професионална рехабилитација по основ на професионална неспособност (член 178, став 1). Притоа, законот повторно не предвидува никакви одредби за соодветно приспособување, со кои би се обезбедило дека професионалната рехабилитација и евентуалното распоредување на друго работно место ќе се изврши по индивидуална проценка за секој конкретен случај и ќе одговара на потребите на лицето со попреченост. Идните измени на Законот би требало да го опфатат соодветното приспособување како обврска на работодавецот во сите фази на процесот на регрутирање, интервјуирање и вработување на лицата со попреченост, како и во процесот на професионална рехабилитација и прераспоредување на друго работно место.[57]

Спецификите на оваа обврска се веќе делумно опфатени со Законот за вработување на инвалидни лица, како *lex specialis* којшто го регулира вработувањето на лицата со попреченост. Имено, при вработување на лице со попреченост, работодавецот има обврска да создаде соодветни услови за работење и адаптација на работното место, во зависност од работното место, видот и степенот на образованието и видот и степенот на попреченоста на лицето кое се вработува (член 5, став 2). Притоа, законодавецот не прецизира какви услови треба да создаде работодавецот за да може да вработи лице со попреченост - на пример: дали тие би опфаќале приспособување

57 Види: Попоска Ж., Шавревски З., Амдију Н., *Водич за соодветно приспособување*, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2014 година, стр.57, достапно на: <https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/vodic_za_soodvetno_prisposobuvanje.pdf>.

на процесот на интервјуирање при вработувањето, приспособување на работното време и практики, па сè до обезбедување на работен асистент или професионален вокациски тренер/ментор за поддршка на вработеното лице со попреченост.[58]

Конкретните адаптации за кои се предвидени средства од државниот буџет се прецизирани со Правилник за критериумите и начинот на доделување на неповратни средства од посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидни лица.[59] Имено, во членот 7, став 2 од овој Правилник се наведува дека адаптацијата опфаќа прилагодување како на работните и помошните простории, така и на опремата, средствата за работа, уредите и другите технички средства. Прилагодувањето на опремата и средствата за работа опфаќа „вградување на механички, електрични, електронски, звучни, светлосни и слични уреди". Прилагодувањето на работните и помошните простории опфаќа „поставување или изградба на пристапни патеки, косини, заштитни огради и слично". Сепак, работодавецот нема обврска да го консултира лицето со попреченост при набавката и инсталирањето на адаптациите на работното место, што е во спротивност со обврската за обезбедување на соодветно приспособување според индивидуалните потреби на лицето со попреченост.

Важно е да се истакне дека ЗВИЛ предвидува доделување на неповратни средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на лицата со попреченост, за, *inter alia*, адаптација на работното место во висина до 100.000 денари по вработено лице (член 16-а, став 1 точка 3). Сепак, работодавецот нема обврска да го консултира лицето со попреченост при искористувањето на овие средства. Бидејќи адаптациите на работното место се мерки за соодветно приспособување, тие треба да бидат индивидуализирани и да се поставуваат на барање и во консултација со лицето со попреченост кое се вработува. Воедно, средствата за адаптации „не може повторно да се користат пред истекот на три години од претходно одобрените средства од Посебниот фонд" (член 16-а, став 2). Оваа одредба треба да претрпи измени за да средствата за адаптации можат повторно да се користат при промена на техничко-технолошките услови, а не да се наложува еднаков временски рок за сите адаптации.

Со последните измени, ЗВИЛ го предвидува и обезбедувањето на работен асистент на лице со попреченост кое е вклучено во процесот на работно оспособување, на негово барање или на барање на работодавецот (член 16-а, став 1 точка 4[60]). Меѓутоа, лицето со попреченост треба да има можност да побара и други прилагодувања и модификации во процесот на работно оспособување коишто би се однесувале на физичкиот пристап до и во работните простории, техничките средства за работа и начинот на испорака на практичните обуки.

И за крај, тоа што јасно го предвидува законодавецот е ограничената можност за употреба на соодветното приспособување, односно лимитирање на персоналниот опфат на заштита. Имено, за да може едно лице да побара соодветно приспособување, истото треба да биде вработено, што подразбира дека ова право не ги опфаќа кандидатите со попреченост кои се повикани на интервју за работа.

Воедно, лицето со попреченост може да ги користи правата и бенефициите, вклучително и соодветното приспособување, само ако му е признато постоењето на попреченоста согласно законот[61]. Последна, но не помалку важна критика е што законодавецот пристапува кон лицата со попреченост како хомогена група, притоа не истакнувајќи ја посебно ранливата положба и спецификите коишто се однесуваат на вработувањето на жените и девојките со попреченост. Идните измени на законот и правилниците што ја регулираат оваа област би требало да бидат родово сензитивни и да вклучуваат одредби со кои ќе се овозможи инклузијата на жените со попреченост на отворениот пазар на трудот, меѓу кои спаѓаат и можностите за флексибилно работно време, почести паузи и поддршка во грижата за децата во текот на работното време.

58 Види: Попоска Ж., *Патувај Далеку - Демистификација на прашањето на хендикеп со осврт на правото на вработување и работни односи*, Полио Плус движење против хендикеп, 2018 година, достапно на: <http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/patuvaj-daleku-mk.pdf>.

59 Види: Правилник за критериумите и начинот на доделување на неповратни средства од посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидни лица, „Службен Весник" бр. 156/08 и 163/15, достапен на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

60 Види: Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидните лица, „Службен Весник " бр. 99/18, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

61 Види: Попоска Ж., „*Вработување на лицата со хендикеп во Македонија*", Полио плус, 2017 година, достапно на: <www.polioplus.org.mk>.

# 2.5. ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА ПРИСТАПОТ ДО ДОБРА И УСЛУГИ

Една од областите во кои се применува ЗСЗД (член 3) е и пристапот до добрата и услугите. Сепак, ниту еден од националните закони коишто потесно ја регулираат оваа област не ја опфаќа обврската за соодветното приспособување. Единствена одредба којашто може да се протолкува дека делумно го предвидува ова право е содржана во членот 96, став 1-в од Законот за заштита на потрошувачите.[62]

Имено, Законот предвидува дека потрошувачот не може да го врати/повлече купениот производ доколку тој е изработен согласно спецификациите или јасно прилагоден на неговите барања. Оваа одредба подразбира дека потрошувачот има право да побара производот да му се испорача согласно неговите барања и доколку испорачателот се согласи да ги исполни овие барања, потрошувачот мора да го прими изменетиот производ. На пример, доколку лице со попреченост побара компјутер со инсталиран оперативен систем, а испорачателот се согласи, лицето нема право да го врати набавениот компјутер. Во иднина, Законот би требало да ја предвиди можноста за соодветно приспособување на барање на потрошувачите со попреченост.

Пристапот до услугите е широка област, којашто меѓу другото го опфаќа и пристапот до и во превозните средства, како и судските, банкарските, адвокатските, нотарските и сите други услуги кои се достапни за јавноста. Повторно, законите во оваа област експлицитно не ја предвидуваат обврската на давателите на услугите за обезбедување соодветно приспособување. На пример, Законот за нотаријатот[63] го предвидува правото на користење на толкувач на знаковен јазик само доколку лицето со оштетен слух или со пречки во говорот коешто треба да го потпише нотарскиот акт е неписмено. Имено, согласно член 63 став 1: „Ако глувиот, немиот или глувонемиот учесник не знае да чита и пишува, мора покрај сведоците на актот да се повика и толкувач". Притоа,

62 Види: Закон за заштита на потрошувачите (консолидиран текст), „Службен Весник " бр. 38/04, 77/07, 103/08, 24/11, 164/2013, 97/15, 152/15 и 140/18, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

63 Види: Закон за нотаријатот (консолидиран текст), „Службен Весник" бр. 72/16, 142/16 и 233/18, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

толкувачот мора да има својство на сведок на актот, што го ограничува правото на избор на сведок на лицето со попреченост. Истовремено, во член 86, став 6 од Законот се наведува дека „Ако учесникот (кој го потпишува нотарскиот акт) е слеп или не знае да чита, нотарот ќе му го прочита писменото пред да му го завери потписот или ракознакот". Во овие случаи, законодавецот не предвидува обезбедување на нотарскиот акт во пристапен електронски формат или на Брајово писмо, што би му овозможило на слепото лице самостојно да го прочита документот.

Имајќи го ова предвид, може да се заклучи дека овие прилагодувања не спаѓаат во доменот на обврската за соодветното приспособување бидејќи иститe му се наложуваат на лицето со попреченост без право тоа да предложи други посоодветни прилагодувања што ќе одговараат на неговите потреби.

# 2.6.
# ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА ДОМУВАЊЕТО

Областа на домувањето е регулирана низ серија законски одредби, односно со Закон за домување[64], Закон за градење[65], Закон за просторно и урбанистичко планирање[66], Закон за локалната самоуправа.[67] Во ниту еден од горенаведените законски и подзаконски акти коишто произлегуваат од нив, соодветното приспособување не е предвидено како форма на дискриминација кон лицата со попреченост.

Во Законот за домување, освен обврската на Управителот на станбената зграда, член 19, став 12: „да ги познава стандардите и нормативите за пристапност на лица со хендикеп во станбениот објект", не се предвидени никакви други обврски во поглед на соодветното приспособување, ниту пак се предвидени мерки за подигнување на капацитетот, обуки за управителите, ниту пак начини и процедури за барање на соодветно приспособување.

Соодветното приспособување и правото на пристапност се рефлектира низ скромна судска пракса, каде е донесена одлука за дискриминација сторена со непреземање односно пропуштање да се преземат дејствија за прилагодување на инфраструктурата и просторот, како и обезбедување пристап до добра и услуги на тужителот како лице со ментална и телесна попреченост. И покрај тоа што самата пресуда се однесува на пристапноста *per se*, сепак поради индивидуалниот начин за покренување постапка и добивањето на случајот во корист на индивидуата, може да се смета дека со оваа одлука е опфатена и дискриминацијата поради оневозможување на соодветно приспособување.[68]

Случајот на Р.М. против општина Делчево е прв во националната судска практика во врска со којшто е донесена првата правосилна пресуда во којашто се утврдува дискриминација врз основа на ментала и телесна попреченост. Во случајот се работи за 17-годишно лице со комбинирана попреченост кое подолг период не може да излезе без придружба од својата семејна куќа бидејќи на излезот од дворот нема рабник и тротоар, односно веднаш се излегува на самата улица којашто е прометна. Карактеристично е тоа што таткото и дедото на лицето, во периодот од 2012 г. до поднесувањето на тужбата во 2014 г., повеќе пати се обраќале до општина Делчево со барање да се постават рабници и тротоар на улицата околу куќата за да може лицето да излегува од домот без потреба од постојана придружба. И покрај постојаните ветувања, општината не презема чекори да го реши проблемот.

Во овој случај, Основниот суд во Делчево утврдил дискриминација по основ на попреченост поради оневозможување на пристапност и достапност до инфраструктурата, добрата и услугите. Во пресудата се наведува дека дискриминацијата е сторена поради пропуштање да се преземат дејствија (изградба на тротоар и рабници) за прилагодување на инфраструктурата и просторот околу домот на тужителот – лице со попреченост.

64 Види: Закон за домување (консолидиран текст), „Службен Весник" бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

65 Види: Закон за градење (консолидиран текст), „Службен Весник" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

66 Види: Закон за просторно и урбанистичко планирање (консолидиран текст), „Службен Весник" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

67 Види: Закон за локалната самоуправа, „Службен Весник" бр. 5/02, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

68 Види: Одлука на Основниот суд во Делчево со пресуда од 16.04.2015 П-4.бр.14/2014. Исто така, види: Анализа за стратешко водење на предмети во судска постапка од областа на дискриминација, Млади Правници, 2014 година, стр.43-46, достапно на: <http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2016/09/2014.pdf>.

Следствено, судот ја задолжил општина Делчево, како тужена страна да ја прилагоди инфраструктурата и просторот и да ги преземе сите неопходни мерки за адаптација преку изградба на тротоар и рабници во согласност со техничките стандарди за пристапност.

Воедно, судот досудил надомест за нематеријална штета поради претрпени душевни болки и страв за периодот кога лицето со попреченост било оневозможено да излегува од домот без придружба. Имајќи ги предвид фактите за овој случај, јасно е дека барањето за решавање на проблемот со пристапноста било иницирано од страна на семејството на конкретното лице со попреченост. Со одлуката на судот е овозможена изградба на тротоар и рабници околу куќата и на самата улица каде што живее конкретното лице, а не на територијата на целата општина.

Во подзаконскиот акт за домување[69] при МТСП согласно член 57 од Законот за социјална заштита (во понатамошниот текст ЗСЗ)[70] предвидени се мерки за остварување на додатокот за домување. Додатокот, конкретно не ги потенцира лицата со попреченост, но одредбата за „санација, адаптација и реконструкција на сопствен недвижен имот“ може да биде искористена како мерка за соодветно приспособување за лицата со попреченост или семејствата на лица со попреченост кои се материјално необезбедени.

Законодавецот низ различни подзаконски акти ги уредува нормативите и стандардите коишто треба да ги исполнат институциите и организациите што обезбедуваат вон-институционална и институционална заштита. И покрај тоа што со овие нормативи се настојува да се применат стандардите од универзалниот дизајн, сепак законодавецот не предвидел никакви мерки за соодветното приспособување, ниту пак ги предвидел начините кои би им биле достапни на лицата со попреченост.

69 Види: Правилник за начинот на остварување на правото на додаток за домување за лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, образецот на барањето и потребната документација, „Службен Весник“ бр. 109/19, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

70 Види: Закон за социјална заштита (консолидиран текст), „Службен Весник“ бр. 104/19 и 146/19, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Генерално, законската рамка во оваа област не го разработува концептот на соодветното приспособување, па оттаму потребни се соодветни промени во иднина. Воедно, потребни се и мерки и обуки за самите институции во поглед на разбирањето и спроведувањето на овој правен институт.

# 2.7. ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА ПРАВОСУДСТВОТО И УПРАВАТА

Правото на правична судска постапка и учеството во неа е неотуѓиво. Оттаму, лицата со попреченост треба да имаат законски гарантирано право да побараат соодветно приспособување во која било фаза од постапката. Ова право е само делумно предвидено со националните закони од областа на правосудството.

Еден од најзначајните предизвици е неможноста да се избере начин на комуникација со лицата со попреченост во текот на судската постапка, што особено го отежнува учеството на лицата со оштетен слух. Приоритетен начин на комуникација со овие лица е писменото поставување и одговарање на прашања, како според член 230 став 2 од Законот за парничната постапка (во понатамошниот текст ЗПП), така и според член 211 став 2 од Законот за кривичната постапка (во понатамошниот текст ЗКП). Ако испитувањето/сослушувањето не може да се изврши на овој начин, истата одредба во двата закони дозволува комуникација со посредство на толкувач на знаковен јазик. Оваа одредба е ограничувачка бидејќи го оневозможува правото на избор на начин на комуникација којшто најмногу му одговара на лицето со оштетен слух, а со тоа го ограничува и правото на соодветно процедурално приспособување. Дополнително, судовите немаат обврска да ги доставуваат преписите на документите, вклучително и пресудите во пристапен формат (Брајово писмо, печатење со прилагоден/зголемен фонт или напишани на поедноставен/лесно разбирлив јазик). Единствено приспособување во поглед на пристапот до кривичната постапка е можноста да се добие копија од тонската или визуелно-тонската снимка или препис од стенографскиот записник во печатена или електронска форма (член 374, став 7 од ЗКП).

Судовите имаат обврска да овозможат непречен пристап и движење на лицата со попреченост, согласно член 11, став 1 од Законот за градење. Во таа насока, законодавецот повторно не предвидел можност за барање на соодветно приспособување во случаите кога судската зграда е непристапна или кога лицето со попреченост не може да се движи низ објектот. Идните измени во законите од областа на правосудството треба целосно да се усогласат со ЗСЗД, со што ќе се гарантира ова право.

Од друга страна пак, лицата со попреченост се соочуваат и со пречки при полагањето на испитот за медијатор и правосудниот испит. Законот за медијација како и Законот за правосуден испит не се усогласени со ЗСЗД и не предвидуваат никакви приспособувања за лицата со попреченост, ниту во однос на продолжувањето на времето за полагање, ниту пак во однос на прилагодувањето на начинот на полагање на овие испити. Ова треба да се надмине до крајот на 2020 година согласно заложбите на државата во составот на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација (2016-2020).

Слична е состојбата со соодветното приспособување во областа на управните работи. Законот за општата управна постапка (во понатамошниот текст: ЗОУП) не ја предвидува обврската за соодветно приспособување согласно ЗСЗД, но сепак дозволува одредени прилагодувања на постапката по барање на странката. Како и другите странки, така и лицата со попреченост можат да побараат одредени услуги да им се обезбедат преку пошта или по електронски пат „доколку не се работи за услуги коишто бараат непосредно присуство на странката“ (член 28, став 3). Покрај ова, ЗОУП овозможува издавање на управниот акт во писмена, електронска или во друга соодветна форма, зависно од барањето на странката, освен ако со законот не се пропишува или исклучува одредена форма (член 87, став 1).

Во практика, оваа одредба би требало да ги вклучува и барањата за издавање на управниот акт на Брајовото писмо, како и во лесно разбирлива/читлива форма. Во иднина, ЗОУП и другите закони во областа на управата треба да се усогласат со ЗСЗД и да го предвидат знаковниот јазик како начин на комуникација со јавните органи, третирајќи го на ист начин како и службените јазици во државата.

Останатите закони во оваа област не содржат специфична обврска за соодветно приспособување за лицата со попреченост. Истите, треба да се хармонизираат со ЗСЗД во рок од две години од денот на неговото влегување во сила (22 мај 2019 година).

# 2.8.
# ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И СИГУРНОСТ

Подрачјето на социјалната заштита и сигурност ги опфаќа законите од областите на социјалната заштита и заштитата на децата, пензиското и инвалидското осигурување, како и здравственото осигурување. Правата од ова широко подрачје се многу значајни за лицата со попреченост бидејќи тие придонесуваат за зајакнување на нивните капацитети за независно живеење и инклузија во заедницата.

ЗСЗ[71] прави голем исчекор во унапредувањето на правата од оваа област, со воведувањето на концептот на интегрирани социјални услуги кои се даваат во домот, заедницата и вон семејството (член 4, став 11). Иако обврската за соодветно приспособување на давателите на социјалните услуги не е експлицитно наведена, законодавецот барем формално предвидува обезбедувањето на овие услуги да се одвива според начелото на индивидуализација што подразбира „користење на индивидуализиран пристап прилагоден на карактеристиките и потребите на корисникот" (член 18). Дополнително, Законот го вклучува и начелото на партиципативност, наведувајќи дека „корисникот на социјална заштита има право да учествува во проценката на неговата состојба и потреби, да биде информиран за расположливите социјални услуги, да учествува во подготовката на индивидуалниот план, во донесувањето одлуки за користење на потребните социјални услуги, како и во изборот на давателот на услугата, согласно со овој закон" (член 17, став 1). Важно е да се напомене дека ЗСЗ го предвидува правото на децата и на лицата со одземена деловна способност да учествуваат и да даваат мислење во сите постапки во кои се одлучува за нивните права (член 11, став 3 и 4), што е во согласност со одредбите на Конвенцијата за правата на детето и на КПЛП.

Сепак, примената на овие начела согласно ЗСЗ е ограничена бидејќи не се остава простор на корисниците на социјалната услуга (меѓу кои спаѓаат и лицата со попреченост) да го изберат обемот и лицето кое ќе ја обезбедува социјалната услуга, согласно нивните индивидуални потреби. Во поглед на обемот, бројот на часови

71 *Ibid*

за користењето на услугата за помош и нега во домот (член 75, став 1) и на услугата за лична асистенција (член 76, став 2) се ограничени до најмногу 80 часа месечно. Со ова, законодавецот не дозволува потполно приспособување на овие услуги кон лицата со попреченост на кои им е потребна постојана или подолготрајна асистенција и нега. Воедно, не се предвидува ниту правото на акумулирање или префрлање на неискористените часови на услугата, од еден во друг месец. Исто така, корисникот не може истовремено да користи помош и нега во домот и лична асистенција, со средства на Центарот за социјални работи, т.е. ако сака да ги користи и двете услуги ќе мора да плати за едната од нив (член 78).

Дополнително, овие услуги не се придружени со услуги за стекнување и подобрување на вештините за независно живеење, како што се обуки за мобилност и ориентација во просторот, за учење или усовршување на знаковниот јазик и Брајовото писмо, обуки за самопомош и основна грижа за себе и сл. Овој пристап би придонел кон зголемување на независноста и продуктивноста на лицата со попреченост, притоа намалувајќи ја потребата од помош и нега во домот и лична асистенција, а со тоа и бројот на часови за нивното користење.

Понатаму, според член 76 од ЗСЗ, правото за користење на услугата за лична асистенција е ограничено врз основа на возраста (од 18 до 65 години) и видот на попреченоста на корисникот (лице со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепо лице). Во иднина, овие ограничувања би требало да се отстранат, особено за лицата на возраст над 65 години кои се опфатени само со услугата за помош и нега во домот. Личната асистенција би требало да биде базирана на потребата на лицето од ваквата услуга за одредени активности, без разлика на видот и степенот на попреченоста.

За крај, корисниците на социјалните услуги во домот и во заедницата, вклучувајќи ги и лицата со попреченост, можат да го изберат само овластениот давател на услугата, а не и лицето кое непосредно ќе ја обезбедува таа услуга (член 286 од ЗСЗ). Ова право не е секогаш достапно бидејќи во повеќето општини има само еден овластен давател на конкретната услуга, на пример едно здружение што обезбедува услуги за лична асистенција. Во иднина, согласно начелото на индивидуализација и обврската за соодветно приспособување, на лицата со попреченост треба да им се даде правото на избор на личен асистент или на лице за помош и нега во домот притоа не оставајќи поврзувањето да го прави давателот на услуги без консултација со лицето со попреченост.

Не помалку важни за независното живеење на лицата со попреченост се и правата од областа на здравственото осигурување. Тука спаѓа и правото за набавка и користење на колички на рачен и електронски погон, ортопедските помагала, очилата и ортооптичките помагала, протезите за горните и долните екстремитети и слушните протези/апарати согласно Законот за здравствено осигурување[72] (ЗЗО). Овој пристап на гледање на правото на користење на помагала за независен живот и движење како здравствена услуга ја отсликува генералната неусогласеност на националното законодавство со социјалниот модел/пристапот базиран на човековите права промовиран во КПЛП, којшто попреченоста ја гледа како резултат на оневозможеноста во интеракција со бариерите во општеството.

Според член 9, став 3 од ЗЗО, лицето со попреченост за да го оствари правото на користење помагало мора да биде здравствено осигурено, при што осигурувањето треба да трае непрекинато најмалку шест месеци пред настапувањето на потребата од помагалото, освен во случаите на повреда на работа и професионално заболување. Воедно, законодавецот го ограничува и правото на избор на помагалото врз основа на критериуми кои воопшто не се поврзани со индивидуалните потреби на лицето со попреченост. На пример, лицата со телесна попреченост коишто не се во работен однос или на редовно школување имаат право само на една собна количка на рачен погон (член 28, став 1 од Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала).[73] Правата од оваа област би требало да се ревидираат во согласност со одредбите на КПЛП и социјалниот модел на гледање на попреченоста, предвидувајќи ја обврската за соодветно приспособување врз основа на индивидуална проценка за потребите и околностите на секое лице со попреченост според која ќе се состави списокот на помагала за тоа лице и ќе се утврди нивниот рок на користење.

72 Види: Закон за здравственото осигурување (консолидиран текст), „Службен Весник" бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

73 Види:Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала, достапен на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

# 2.9.
# ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА ЈАВНОТО ИНФОРМИРАЊЕ

Областа на јавно информирање ги опфаќа законите од сферата на медиумите и медиумските услуги, како и од сферата на слободниот пристап до информации од јавен карактер. Ниту еден од законите што ја регулираат оваа област експлицитно не ја предвидува обврската сите медиуми и јавните органи да ја пласираат информацијата во вид и формат пристапен за лицата со попреченост.

Воедно, законите не ја наведуваат ниту обврската за соодветно приспособување, односно можноста за менување и прилагодување на непристапните информации и содржини на барање на лицата со попреченост.

Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[74] (во понатамошниот текст: ЗААМУ), единствен радиодифузер што има обврска да „создава и емитува програми достапни за целокупната јавност во државата" е јавниот сервис - МРТВ (член 110, став 1, Алинеја 1). Притоа, програмите треба да бидат наменети за сите сегменти на општеството без дискриминација, водејќи сметка за специфичните општествени групи, вклучувајќи ги и лицата со попреченост (член 110, став 1, алинеја 2).

Истата одредба предвидува обврска за јавниот радиодифузен сервис да „планира, развива, прилагодува, создава и емитува програми наменети за лица со сетилна попреченост, односно лица со оштетен слух и оштетен вид" (член 110, став 1, алинеја 23). Имајќи го ова предвид, лицата со попреченост можат да побараат прилагодување не само на програмите што се наменети за нив, туку и на целосната програмска шема на јавниот сервис.

ЗААМУ исто така го регулира обезбедувањето на аудиовизуелни медиумски услуги по барање на корисникот, во од него избрано време и начин на користење (членови 56-70). Сепак, одредбите на Законот не вклучуваат обврска за давателите на ваквите услуги (како што се давателите на услуги поврзани со домашни кина/видеотеки) да ги прилагодуваат услугите на барање на лицата со попреченост, на пример со можност за аудио/наративен опис на сцените на филмот и видео толкување на знаковен јазик.

74 Види: Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (консолидиран текст), „Службен Весник" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Слична е состојбата и со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[75] (во понатамошниот текст: ЗСИЈК), којшто би требало да ги обврзе имателите на информации (јавните органи, правните и физичките лица), ваквите информации да ги пласираат во пристапен и лесно разбирлив формат на барање на лицата со попреченост. Согласно овој закон, граѓанинот може да побара пристап до јавните информации усно, писмено или во електронски запис (член 12, став 1). Ова подразбира дека лицето со попреченост би можело барањето да го поднесе усно, со посредство на толкувач на знаковен јазик, како и писмено со Брајово писмо.

Истата одредба ја предвидува обврската на имателот да ја достави бараната информација со увид, препис, фотокопија или електронски запис (член 12, став 2). Притоа, законодавецот не предвидува обврска бараната информација да се достави во пристапен формат или во лесно разбирлива/читлива верзија на барање на лице со попреченост. Институциите можат, но немаат обврска да обезбедат препис на информацијата со Брајово писмо, со зголемен фонт или во пристапен електронски формат.

Во иднина, законодавецот би требало да го опфати правото на лицата со попреченост за соодветно приспособување при барањето за пристап до информации од јавен карактер.

# 2.10. ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Во законодавството што ја регулира областа на културата не постои ниту една одредба којашто би го гарантирала правото на лицата со попреченост за соодветно приспособување во пристапот до културните објекти и во нив.

Единствена одредба што делумно го предвидува ова право е членот 10 од Законот за градење,[76] којшто ја вклучува можноста за отстапување од некои основни барања за градбата за да се овозможи непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со попреченост во случај на реконструкција или адаптација на градба запишана во Националниот регистар на културно наследство. Доколку барањето за ваквото отстапување се иницира од страна на некое лице со попреченост, тогаш ова би претставувало случај на соодветно приспособување.

Сепак, важно е да се истакне дека законодавецот ова не го предвидува како обврска, туку како можност што може да се искористи само во случај на адаптација или реконструкција на градбата.

Во иднина, оваа одредба би требало да стане обврска во согласност со Законот за градење и со техничките стандарди за пристапност до јавните објекти и во нив.

75 Види: Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (консолидиран текст), „Службен Весник“ бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

76 Види: Закон за градење (консолидиран текст), „Службен Весник“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

# III.

# ПОГЛАВЈЕ

# 3.1 СООДВЕТНОТО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ВО ПРАКСА

Во текот на својата работа, јавните и приватните институции треба да бидат свесни за обврската да обезбедат соодветно приспособување за своите вработени со попреченост и во сите области поврзани со обезбедување на образование, здравствена заштита, давањето на услуги и друго.

Доколку сметаат дека не можат да ги користат придобивките од начинот на којшто функционира системот или обезбедувањето на услугата или сервисот, лицата со попреченост можат да побараат соодветно приспособување и тоа во областа на образованието, вработувањето, јавните услуги и сервиси, пристапот до објектите, добрата и услугите, домувањето и опкружувањето, како и во сите други области кои се важни за остварувањето на нивните права, а се предвидени во ЗСЗД.

Имено, Водичот се осврнува на областите во коишто лицата со попреченост имаат најмногу потреба од соодветно приспособување, опфаќајќи ги речиси сите области согласно член 3, став 2 од ЗСЗД. Обврската да се обезбеди соодветно приспособување за лицата со попреченост треба да ги земе предвид различните потреби и барања на секој поединец одделно, како и различните аспекти и норми според коишто функционира системот во општеството.

На пример, лице со делумно оштетување на видот може да побара текстот да биде испечатен со поголем фонт за да може да ја прочита и да ја добие информацијата. Лице со целосно оштетување на видот може да побара текстот да биде доставен во друг формат (Брајово писмо, аудио формат, word документ или да биде прочитан на глас).

Последните истражувања од терен посочуваат дека лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост сметаат дека не се еднакви со другите граѓани (99,5%), не уживаат еднаква заштита пред законот во споредба со другите граѓани (83%) и дека се дискрими-

нирани (87%).[77] 76% од примерокот на испитаници смета дека жените и девојките со попреченост се предмет на повеќекратна дискриминација, поради својот пол/род и својата попреченост. Во однос на прашањето за соодветното приспособување, 85% од анкетираните лица со попреченост сметаат дека истото не се обезбедува во практика. Истото видување го имаат и родителите на деца со попреченост.

И покрај ниската свесност за можноста што ја нуди овој правен институт, во досегашната пракса сепак постојат одредени иницијативи за барање и користење на придобивките од соодветното приспособување.

Во овој контекст интересно е да се истакне случајот од 2016 година, во којшто тогашната Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД) утврди дискриминација од страна на банките во подрачјето на пристап до добра и услуги. Во името на дискриминирано слепо лице, Хелсиншкиот комитет за човекови права и други здруженија на граѓани поднеле претставка до КЗД, наведувајќи дека лицето е директно дискриминирано бидејќи нема еднаков третман во користењето на банкарските услуги и производи во однос на лицата коишто немаат целосно оштетување на видот. На дискриминираното лице не му било дозволено да го користи својот потпис, ниту пак, да користи факсимил, туку од него се барало да назначи полномошник за сите работи поврзани со банката.

Исто така, се наведува дека лицето не можело да ги користи услугите за електронско банкарство и другите интернет услуги бидејќи тие не биле пристапни за компјутерската програма (читачот на екран) што тоа ја користело. Како дискриминатори се наведени сите комерцијални банки во државата, врз основа на сознанија за иста или слична пракса. Во овој случај, КЗД утврдила директна дискриминација врз основа на попреченост врз слепите и слабовидните лица во областа на пристап до добрата и услугите, како и повреда на правото на соодветно приспособување „бидејќи не е направено прилагодување за пристап до услугите на лицата со телесна попреченост“[78], согласно член 8 став 2 од претходниот закон[79]. Имајќи предвид дека дискриминацијата била извршувана овеќе пати во неопределен број на случаи, Комиијата утврдила и постоење на потежок облик на повторена дискриминација.

Во своите препораки, Комисијата посочува на обврската на Народна банка да ја засили контролата во остварувањето на еднаков пристап до услугите и производите на комерцијалните банки. Понатаму, Комисијата им препорачува на банките да не бараат полномошник од слепите лица и да создадат услови за користење на личен потпис или факсимил. Во однос на соодветното приспособување, КЗД им препорачува на банките да прават разумни прилагодувања што ќе одговараат на потребите на лицата со оштетување на видот и коишто ќе ги опфатат како услугите во експозитурите, така и во електронското банкарство.

Со овие препораки е направен важен исчекор во насока на препознавање на дискриминацијата во доменот на пристап до добра и услуги и отстранување на бариерите што го попречуваат остварувањето на правата на лицата со попреченост. Сепак, имајќи ја предвид неусогласеноста на законите со ЗСЗД и КПЛП, како и недостатокот на судска практика во оваа област, практичната примена на овие препораки е ограничена. Врз основа на видувањата на испитаниците од полуструктурираните интервјуа преземени при изработката на Водичот, интервјуираните лица посочија различни ситуации во коишто го примениле или побарале соодветното приспособување, а коишто се објаснети подолу.

77 Види: Попоска Ж., Изгубената Агенда - Демистификација на прашањето на попреченост во областа на еднаквост и недикриминација, Полио Плус - движење против хендикеп, 2018 година, стр.79-80, достапно на: <http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/izgubenata-agenda-mk.pdf>.

78 Види: Комисија за заштита од дискриминација, Мислење 07-839/11 од 18.05.2016, достапно на: <https://akademik.mk/utvrdena-e-diskriminatsija-vrz-slepite-litsa-od-strana-na-bankite-kzd-so-preporaki-do-bankite/>.

79 Види: Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен Весник“ бр. 101/2019, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

# 3.1.1. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Лицата со попреченост во областа на здравствената заштита се соочуваат со континуирана дискриминација во здравствениот систем. Најчести бариери со кои тие се соочуваат се: физичка непристапност на здравствените установи, непристапност на медицинската опрема и уреди, отсуство на обучен кадар, необезбедување на информации за здравствените услуги во пристапни формати, негативен став и несоодветен однос на здравствените работници, како и ригидните административни процедури за остварување на правата од овој домен.

Врз основа на последните истражувања од областа на здравствената заштита „Каде плови овој брод? - Демистификација на прашањето на хендикеп со осврт на правото на здравствена заштита", 82,5% од лицата и родителите на деца со попреченост посочиле дека институциите не се пристапни, додека 41% од испитаниците кумулативно се изјасниле дека работата на здравствените работници не е добра, а 34,5% одговориле дека не им се допаѓа. Дополнително, 94% од испитаниците сметаат и дека постапките за добивање на примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита за лицата со попреченост не се пристапни и лесно достапни.[80]

Жените и девојките со попреченост се соочуваат со ограничен пристап до услугите за сексуално и репродуктивно здравје поради немањето пристапни столови за преглед и дијагностичка опрема, недостиг на пристапни информации за нивните сексуални и репродуктивни права, како и стереотипите на здравствените работници во однос на нивната сексуалност што доведуваат до погрешни претпоставки и повреда на нивното право на приватност и на самостојно донесување одлуки. И родителите на децата со попреченост се соочуваат со недостиг на системска поддршка бидејќи патронажните сестри не се доволно едуцирани за третман и рехабилитација на деца со попреченост во домашни услови. Дел од овие бариери можат да се намалат, па дури и да се отстранат со примена на соодветни приспособувања коишто не се скапи и не бараат многу време и средства.

80 Види: Кочоска Е., Шавревски З., Каде плови овој брод? - Демистификација на прашањето на хендикеп со осврт на правото на здравствена заштита, Полио Плус - движење против хендикеп, 2018 година, достапно на: <http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/kade-plovi-ovoj-brod-en.pdf>.

„Избегнувам да лежам во болница бидејќи не можам да одам во тоалет. Обично, вратите во болниците се широки само 55-60 см и со количка не може да се влезе. Има „чучавец“ наместо тоалетна школка“. (Изјава од соговорник на интервју – маж со квадриплегија кој користи количка).

„Во една болница, апаратот за мамографија беше пристапен, но се наоѓаше на вториот кат. Затоа ме препратија во друга болница. (Изјава на соговорничка од интервју – жена со попреченост).

„Решението не е да се означи едно лице за контакт со лица со попреченост бидејќи тоа не може да ги опслужи потребите на сите пациенти на кои им е потребна помош. „Треба да се сензибилизира целиот кадар“. (Изјава на соговорничка на интервју – девојка со оштетување на видот).

„Јас ѝ зборувам на докторката, таа ѝ одговара на мајка ми, неа ја прашува. И реков: „јас живеам сама, подобри и поточни одговори ќе ви дадам јас отколку мајка ми“. (Изјава на соговорничка на интервју – девојка со оштетување на видот).

„На самото породување, мижев од големи болки и сестрата ми рече „отвори ги очите - така подобро ќе нè гледаш и ќе нè разбереш“. Тоа ми влеа доверба дека жената има искуство и сака да помогне“. (изјава на соговорничка на интервју – жена со комбинирана попреченост, односно делумно оштетување на видот и делумно оштетување на слухот).

„Здравствените работници обично не ме доживуваат како жена со попреченост. Тие не гледаат дека јас имам проблем, не гледаат јас како гледам и како слушам. Имам впечаток дека мислат дека се „вадам“, дека пробувам да влезам на мала врата“. (изјава од соговорничка на интервју – девојка со комбинирана попреченост).

„Го зедов бебето во кревет кај мене, а тоа не било дозволено поради ризикот мајката да заспие и бебето да падне од креветот. Сето тоа било истакнато на соопштение во собата на некој ѕид што воопшто не го забележав. Позицијата не беше видлива. Ми дојде сестрата ме испокара, како тоа не сум видела што има напишано. Им објаснив дека требало на ова да ми укажат кога ме донеле во собата“. (изјава од соговорничка на интервју – жена со физичка попреченост).

## СВЕДОШТВО НА ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

С. М. е жена со комбинирана попреченост (делумно оштетување на видот и делумно оштетување на слухот) која го споделува нејзиното негативно искуство со здравствениот систем. Еден од предизвиците со коjшто таа се соочила е неможноста да закаже прегледи или да добие информации за расположливоста на термините за преглед со телефонски повик.

„Се обидував по телефон да добијам информација кога се поклопуваат смените на мојот матичен лекар и лекарката за уво, нос и грло. Не сакав бремена, по топлото време, да одам во погрешен термин. Никој не креваше на телефон, пробував да ги добијам дури два дена“. Потоа, таа се соочила со уште едно непријатно искуство бидејќи здравствениот работник и дал лажна информација.

„Наредната недела кога отидов, за среќа, им се поклопија смените на двете докторки. Но, немаше слободни термини за тој ден. Тогаш го изгубив трпението, побарав приоритетен упат и ја обвинив сестрата зошто не одговара на телефонските повици. И реков дека нема поента да доаѓам пак, имајќи предвид дека сум бремена и со попреченост, кога веќе докторките се тука. На крајот се покажа дека ме излажале, ми дале упат за следниот ден. За тоа дознав отпосле, откако се качив на прием кај докторката за уво, нос и грло. Таму сестрата ме укори со зборовите: „Тука ви пишува, што не си прочитате, зарем не гледате“.

Но, борбата на С. М. за да се снајде во комплексниот и ригиден здравствен систем не завршува тука. Таа не наидува на разбирање ниту кога сака да договори породување со конкретен доктор. „Пред да се породам, се обидов да договорам породување со конкретен доктор со цел да му ја објаснам мојата попреченост и да му укажам на работите што треба да ги има предвид, како да се однесува во процесот на породувањето којшто е непредвидлив. Во државните клиники, докторите ме одбиваа со образложение дека тоа не им е дозволено, а во приватните тоа

е достапно за секој пациент". Таа признава дека се откажала од идејата кога наишла на доктор којшто направил погрешна претпоставка врз основа на стереотипи и неосновани споредби.

„На крајот стигнав до началникот на болницата. Тој ме сослуша и првото прашање му беше од каде сум ги набавила слушните апарати бидејќи имал близок пријател кому слухот му се оштетил. Но и тој разговор не вродил со плод. Ми рече дека јас сум била супер за разлика од другар му и дека не сум имала потреба од никакви прилагодувања".

## 3.1.2. ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Образованието е област што ја диктира инклузијата во поширокото општество. Инклузивното образование треба да ги подготвува учениците и студентите со попреченост уште од најмала возраст да ги бараат своите права и да ги искажат своите индивидуални потреби. Воедно, родителите, наставниците и стручните соработници треба исто така да бидат поподготвени да ги препознаваат потребите на учениците и да изнаоѓаат соодветни пристапи и стратегии за олеснување на образовниот процес за учениците со попреченост.

Во поглед на пристапноста според наодите од истражувањето „Алката што недостасува", 85,5% од испитаниците посочиле дека образовните институции не се физички пристапни, додека во поглед на пристапноста и достапноста на образовните материјали (учебници, наставни помагала и слично) како и едукативните техники, 95,5% од вкупниот број на испитаници сметаат дека не се соодветни, од кои 49% се лица со попреченост. На прашањето „Дали во текот на образовниот процес Ви било вам/на вашето дете обезбедено соодветно приспособување?" 61,5% од испитаниците одговориле негативно од кои, 35% се лица со попреченост и 26,5% се одговори на родители на деца со попреченост.[81]

81 Види: Кочоска Е., Шавpески З., Алката што недостасува - Демистификација на прашањето на хендикеп со осврт на правото на образование, Полио Плус - движење против хендикеп, 2018 година, достапно на: <http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/Alkata-sto-nedostasuva-B5-mk.pdf>.

Притоа, важно е да се истакне индивидуализираната природа на соодветното приспособување којашто во образованието се рефлектира преку индивидуален пристап во работата со секој ученик со попреченост.

„Кога имав каков било проблем во основното училиште, секогаш можев да му се обратам на одделенскиот раководител или на психологот. Работите се сменија кога дојдов во средно медицинско училиште, каде што поддршка добивав само од одредени наставници". (изјава на соговорничка од интервју – девојка со Даунов синдром).

„Многу пати, индивидуалните образовни планови се препишани, не се базираат на реална проценка на потребите на ученикот. Кај нас тоа се прави колку помине работата. Дури и просветните инспектори проверуваат само дали има индивидуален образовен план бидејќи не го знаат конкретниот ученик и неговите потреби. Се обрнува внимание на формата, а не на содржината. (изјава од соговорничка – претставничка на НВО за обезбедување на асистивна технологија и поддршка во образованието).

„На факултет, имав голем проблем бидејќи бев навикната да ги читам материјалите на Брајово писмо. Ми беше тешко да се привикнам да учам од слушање во аудио или електронски формат. Затоа најпрво ги препишував материјалите од електронска форма на Брајово писмо, па кога сфатив дека тоа ми одзема време, се навикнав да учам со слушање". (изјава на соговорничка на интервју – девојка со целосно оштетување на видот).

„На факултет немаше ниту еден соодветен тоалет со доволно широка врата. Пристапната рампа до приземјето беше направена на моја иницијатива. Започнав иницијатива за изградба на внатрешен лифт, беше одобрено, беше изготвен елаборат, но лифтот никогаш не се направи ... Проблем беше што морав испитите да ги полагам одделно од другите студенти бидејќи не можев да се качам во амфитеатарот со количката. Една професорка ми предложи да ми стават клупа долу во амфитеатарот. Клупите од долу имаат пречки и јас не можам да се приближам бидејќи колената ми удираат во пречките. На крајот се договоривме да полагам усно, пред другите да почнат со полагање". (изјава од соговорник на интервју – маж со телесна попреченост кој користи количка).

## СВЕДОШТВО НА ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

А.С. е амбициозно и успешно момче со целосно оштетување на слухот. Роден е во Охрид, каде што сè уште живее со неговите родители и неговиот помал брат. Во нивниот дом царува тишината: сите во семејството имаат целосно оштетување на слухот и меѓусебно комуницираат на знаковен јазик, односно со помош на гестови на рацете коишто имаат конкретно значење.

Александар е првенец - пионер: тој е прв младинец со оштетување на слухот во нашата држава кој се стекнал со високо образование на еден од техничките факултети; поточно на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Сега, тој успешно работи во неговиот роден град, како раководител во фирма за производство на алуминиумски автомобилски делови.

Проблемите во неговото образование започнале кога Александар се запишал на Машинскиот факултет во Скопје. „Најголемиот проблем ми беше да ги следам предавањата. Побарав да ми обезбедат толкувач за некои главни предавања, но не ми доделија", вели тој, додавајќи дека со барање за толкувач на знаковен јазик се обратил до Националниот сојуз на глуви и наглуви, како и до Машинскиот факултет и до Министерството за образование и наука. Во отсуство на поддршка од институциите, Александар се потпрел на помошта на една негова колешка од факултетот. „Јас ја научив да го користи знаковниот јазик, таа ми објаснуваше за време на предавањата, ми ги даваше нејзините белешки и учеше со мене".

Затоа, на Александар му требало повеќе време да го заврши факултетот во споредба со повеќето негови колеги. Наместо за три, тој дипломирал за четири и пол години. „Кога студирав ми беше тешко без толкувач, за среќа, можев да ги совладам предизвиците со помош на колешката која ми помагаше во комуникацијата и учењето".

# 3.1.3.
# ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТНИ ОДНОСИ

Областа на вработувањето и работните односи е подрачје каде соодветните приспособувања наоѓаат најширока примена. Кога бараат работа или стапуваат во работен однос, лицата со попреченост позади себе веќе го имаат искуството од образовниот процес, а повеќето од нив и искуството на барање соодветни приспособувања во другите области. Воедно, спецификите на секое работно место (работните и помошните простории, работните задачи, обврските како член на работниот колектив, како и користењето на придобивките од позицијата) изискуваат индивидуален пристап за изнаоѓање соодветни решенија што ќе придонесат лицето со попреченост да биде продуктивен работник.

И покрај законската рамка, сепак лицата со попреченост се соочуваат со многу отежнат пристап на пазарот на трудот. Средствата за соодветно приспособување за вработени лица со попреченост се достапни преку Посебниот фонд, но тие ретко се користат од страна на институциите или приватните компании што вработуваат лица со попреченост, а коишто не се заштитни друштва. Воедно, кандидатите за вработување кои имаат некаква попреченост често се доведуваат во непријатна ситуација кога бараат прилагодувања во изведувањето на интервјуто за работа.

Според податоците од истражувањето „Демистификација на прашањето на хендикеп со осврт на правото на вработување и работни односи", 91% од испитаниците со попреченост сметаат дека се дискриминирани во остварувањето на правото на работа, при што само 6% од нив побарале соодветно приспособување на своето работно место.[82]

„На усното интервју ги замолив членовите на комисијата погласно да зборуваат и да бидат свртени кон мене кога ми се обраќаат. Кога им кажав за мојата попреченост атмосферата се смени, им дојде малку стресно. Тоа не влијаеше позитивно, не ја добив работата". (изјава од соговорничка на интервју – жена со комбинирана попреченост, оштетување на видот и оштетување на слухот).

82 Види: Попоска Ж., Патувај далеку - Демистификација на прашањето на хендикеп со осврт на правото на вработување и работни односи, Полио Плус - движење против хендикеп, 2018 година, достапно на: <http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/patuvaj-daleku-mk.pdf>.

„За работните места аплицирав сам, праќав кратка биографија и мотивациски писма, сам ги закажував интервјуата. Во фирмите одев со толкувач, со Секретарот на Здружението на глуви“. (изјава на соговорник на интервју – маж со целосно оштетување на слухот).

„Секогаш кога правам интервју го користам огледалното правило, односно го прилагодувам однесувањето и стилот на комуникација кон кандидатот за работното место за да извлечам најмногу од него. Овој пристап го употребив и кога ја интервјуирав девојката со интелектуална попреченост која сега работи кај нас како декларант. Видов дека ѝ одговара комуникација на поедноставно ниво, без да користам премногу сложени фрази и зборови, што воопшто не ми беше проблем. ... Третманот за неа беше ист како и за сите вработени. Одлучивме да не ги користиме средствата од Посебниот фонд. ...На почетокот, кога ја примивме на работа, постоеше малку отпор од страна на колегите. Работата беше врзана со норма, се плашеа дека тие ќе треба да преземат дел од товарот. Се испостави дека тоа е неосновано бидејќи таа не само што ја постигнува нормата, туку и им помага и на другите колеги“. (изјава на соговорничка на интервју – вработена во оддел за човечки ресурси во приватна компанија).

„Еднаш, по иницијатива на менаџментот добив соодветно приспособување без да го побарам тоа. Кога требаше да печатам документи се движев со одалката до печатачот во заедничкиот ходник. Менаџментот го забележал тоа, гледајќи ме на камерите. Потоа ми ставија мал мобилен печатач на моето биро. Тоа ми заштедува време и ја зголемува мојата продуктивност“. (изјава на соговорничка на интервју – жена со церебрална парализа).

## СВЕДОШТВО НА ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

В.Т. е маж со телесна попреченост кој користи количка. Преку својот личен пример, тој укажува на успешна приказна на вработување на лице со попреченост во јавниот сектор, со соодветни приспособувања што се евтини, ефективни и лесно достапни.

„На предлог на министерката ми донесоа двосед во една од канцелариите што не се користи. Секогаш кога ќе имам потреба, можам малку да легнам за да не направам декубити (ранички на кожата што се добиваат како последица од подолготрајно седење во иста положба). И пет минути одмор во текот на денот за да добијам циркулација е доволно да не направам декубит“, сподели В.Т. кој работи како Посебен советник во Кабинетот на министерката за труд и социјална политика.

Тој посочи неколку примери за соодветни приспособувања што му помагаат за да стигне до работното место и да работи ефективно. „Ми направија рампа, од задната страна за да имам пристап до паркингот за службените возила. Таму ми дозволија да се паркирам со моето приватно возило за да не кружам околу целото министерство. Пред да ја направат рампата, во зима се случувало да ме креваат на раце за да влезам од влезот којшто беше непристапен“.

„Од соодветните приспособувања на работа, побарав помека тастатура, почувствителна на допир бидејќи имам проблем со прстите и немам доволно силен притисок. Ја избрав најевтината тастатура што ми ја набавија за 170 денари“.

„Барав и бирото да нема фиоки за да не ми удираат колениците во нив. Канцеларијата е мала, но доволно широка за да влезам до бирото“.

Единствен поголем проблем за него, на работното место е отсуството на свесност кај дел од неговите колеги за неговите потреби и потребите на другите вработени со попреченост. „Имаме 2 тоалета на работа наменети за лица со попреченост што често ги користат и колегите кои немаат попреченост. Проблемот е во тоа што поради болестите поврзани со мојата попреченост немам контрола над физиолошките потреби, па затоа ми е потребен што е можно побрз и непречен пристап до тоалетот“.

# 3.1.4. ПРИСТАП ДО ДОБРА И УСЛУГИ

Обезбедувањето на соодветно приспособување во пристапот до добра и услуги треба да биде составен дел од редовната квалитетна грижа за корисници. Постојат многу начини на кои производителите на добра/стоки и давателите на услуги можат да им излезат во пресрет на потребите на лицата со попреченост. Најчесто, тоа се прави преку разумни промени на самиот производ или услуга, како и на начинот на кој тие се пласираат на корисникот. Без таквите промени, лицата со попреченост би имале ограничени можности или воопшто не би можеле да го користат конкретниот производ или услуга.

Најчести бариери што го отежнуваат или оневозможуваат пристапот до добра и услуги за лицата со попреченост се:

- Несоодветна комуникација: на пример, употребата на навредливи или погрдни изрази, премногу гласно или нејасно зборување, обезбедување на информации со ситни печатени букви.
- Негативни ставови кон клиентите со попреченост: на пример, заштитнички став и правење погрешни претпоставки за способностите или оневозможеноста на лицето.
- Физичка средина: на пример, непристапни објекти, тесни влезови и ходници, непристапни тоалети, стрмни скали, пренатрупани простории, несоодветно осветлување и обележување на просторот итн.
- Начин на којшто се обезбедуваат услугите: на пример, нефлексибилните системи, несоодветното информирање на персоналот, непотребно комплицирани процедури.

Соодветното приспособување би можело да помогне дел од овие пречки да се совладаат, па дури и да се отстранат. На пример: обезбедување места за седење и поголем простор за чекање во ординациите, банките, адвокатските, нотарските канцеларии би било соодветно приспособување за лица со попреченост кои не можат долго да стојат.

„Кога отидов во банка да подигнам пари, ме прашаа зошто сум дошла сама. Ми рекоа да дојдам со

некого, инаку нема да ми ги дадат парите“. (изјава на соговорничка од интервју – девојка со Даунов синдром).

„Државните градски автобуси (од Јавното сообраќајно претпријатие се пристапни, имаат пристапни рампи, но не секогаш возачите ги активираат. Не се исчистени и не се функционални. Овие рампи треба постојано да се чистат и да бидат достапни за лицата со попреченост. Тоа не треба да зависи од волјата на возачите“.

„Ниту еден меѓуградски автобус не е пристапен. Кога автобусот не е пристапен, особено кога има високи скали, ме дигале во раце“. (изјава на соговорничка од интервју – жена со церебрална парализа од Скопје).

„Повеќето плажи не се прилагодени за лица со количка. Треба да се стават ескалатори, мобилни ленти за придвижување до брегот“. (изјава на соговорник на интервју – маж со телесна попреченост кој користи количка).

„Барав стан на приземје, но не најдов. Мојот стан е на третиот кат каде се качувам секојдневно. Најдов стан што е на приземје, а мојот стан го огласив за продажба, иако неодамна се вселив. За жал, немаше можност за замена на становите“. (изјава на соговорничка на интервју – жена со церебрална парализа).

„Рампата во мојата зграда е многу стрмна. Нема ниту простор, ниту ракофат меѓу рампата и скалите. Многу ми е тешко да се движам со ќерка ми со количка за бебиња. Ставија рапави ленти, но и тоа не го реши проблемот. Треба да притрчуваш од една до друга лента“. (изјава на соговорничка на интервју – жена со комбинирана попреченост, делумно оштетување на видот и делумно оштетување на слухот).

„Случајно најдов станот што имаше само еден праг на влезната врата. Сопственикот ми даде одврзани раце да го прилагодам просторот. Го тргнав прагот од тоалетот, направив плакарот да ми биде попристапен, купив кревет со соодветна височина за да можам лесно да се префрлам од количката. Ја отстранив кадата од тоалетот, го сменив казанчето и системот за пуштање вода. Сето тоа го направив на свој трошок“. (изјава од соговорник на интервју – маж со телесна попреченост).

## СВЕДОШТВО НА ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Б.С. е девојка со целосно оштетување на видот која живее сама. Таа многу често се соочува со бариери во пристапот до банкарските и нотарските услуги што го отежнуваат нејзиното секојдневно функционирање.

Б.С. раскажува дека проблемите почнале кога започнала да работи и да ја користи својата трансакциска сметка. „Првата лична карта ми беше потпишана со „икс“ и бидејќи на неа немаше потпис, не можев да си ги подигнам парите од платата“.

„Молев да ми извадат лична карта со потпис. Морав да се потпишам на видно писмо, со пенкало. Факсимилот не го сметаат за веродостоен“.

Таа повторно наишла на потешкотии кога сакала да подигне кредит. „Кога ги заверував документите за кредитот на нотар, бараа да ополномоштам некој да ми ја пополни меницата. Ме гледаа многу чудно. Ми побараа тројца сведоци, полномошник за меницата, плус двајца други. На крајот, викнав тројца колеги од работа, односно лица со кои не сум во роднинска врска и кои не се со оштетен вид“.

Дури и кога немало никакви законски пречки, се случувало нотарите да ѝ пристапуваат со недоверба. „Кога давав една изјава за на суд, нотарката со чудење ме праша дали и како знам што пополнувам. Ѝ кажав дека ја имам изјавата на меил, ѝ го покажав тоа на мојот телефон. Дури ѝ реков дека изјавата ја знам на памет. На крајот ми го намести пенкалото на една линија, ми го загради просторот во форма на квадратче и ме замоли да се потпишам на рака со целото име и презиме“.

Со оглед на околностите во кои функционира, Б.С. често мора да го крене својот глас за да се избори за нејзините права. „Често ми се случува да се карам кога ми бараат полномошник за една обична работа. Им велам немам кого да ополномоштам. Ќе им подвикнеш малку, ќе попуштат и ќе се заврши работата“.

# 3.2
# ФОРМИ НА СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ

Лицата со попреченост треба да имаат еднаков пристап до сите стоки, производи и услуги што се отворени или се обезбедуваат за јавноста, на начин со кој им се гарантира ефективен и еднаков пристап и се почитува нивното достоинство.

Индивидуалниот и иновативен карактер на самото приспособување не дозволува и не овозможува зацврстување и исцртување на фиксни елементи што би се вклопиле и би биле еднаш зададени за сите лица со попреченост.

Имајќи ги предвид различните пристапи и иновативни решенија, а водени и од одредбите на КПЛП и препораките на Комитетот за правата на лицата со попреченост, одредени елементи групирани во 5 групи илустративно се претставени подолу:

## ТЕХНИЧКИ РЕШЕНИЈА:

Во голем број случаи, техничките приспособувања на работното место/образовна институција, јавни и приватни институции, медицински ординации, клиники, продавници или финансиски институции претставуваат неопходен предуслов за да може одредено лице со попреченост да го оствари правото на еднаков пристап до сите производи, стоки и услуги. Честопати, решенијата се поврзани со состојбата на попреченост и најчесто се потребни за лицата со физичка (на пример, лица во количка) и сензорна попреченост (на пример, лица со оштетен вид).

Овие решенија главно се поврзани со модификации и промена на и во просториите во организацијата, јавна или приватна, (на пример обезбедување пристап за лице во количка), прилагодувања на просторијата/канцеларијата/училницата/продавницата/ банката/,како и прераспредлба на опремата, мебелот во просторијата на засегнатиот вработен или корисник на услугата.

Во поглед на техничките решенија не треба да се изоставаат и пристапните паркиралишта, тоалетите, како и обезбедувањето на знаците со поголеми букви или броеви, како и обележување на рабниците со контрастни

бои и поставување на гелендери низ ходниците, односно обезбедување услови или дозвола за лицето со попреченост да има куче - водич.

## КОМУНИКАЦИСКИ РЕШЕНИЈА:

Како и техничките решенија, така и комуникациските решенија се основен предуслов за да може одредено лице со попреченост да има еднаков пристап до сите стоки, производи и услуги што се отворени или се обезбедуваат за јавноста.

Решенијата во поглед на комуникацијата се поврзани со асистивната технологија, набавка на опрема со поголеми букви на тастатурите, изработка на преписи на материјалите, упатства за програмите, амбалажи на пристапни и достапни формати, обезбедување на Водичи, читачи и професионални толкувачи на знаковен јазик, кучиња-водичи, како и обезбедување на пристапни електронски формати, алтернативно писмо и аугментативни и алтернативни начини, средства и формати на комуникација.

Овие приспособувања би биле непотребни доколку институцијата или организацијата ги запазила стандардите на универзален дизајн и стандардите за асистивна технологија и ги испочитувала одредбите од законските решенија и КПЛП.

**Обезбедување поддршка** (повеќе применливо во областа на вработување и образование):

На вработените со попреченост (главно лица со психосоцијална и интелектуална попреченост, а не се исклучени ниту лицата со физичка и сензорна попреченост - потребна им е поддршка од друго лице за да се навикнат на работната состојба и поефикасно да ја извршуваат зададената работна задача. Асистентот за работа го подготвува работникот за неговите дневни должности, го обучува и запознава со работните процедури и работното опкружување. Со текот на времето во зависност од состојбата на попреченост, работниот асистент може привремено или постојано да е со лицето. Најчесто, како работен асистент се поставува соработник од работната средина кој/а го поддржува лицето со попреченост во извршувањето на неговите секојдневни задолженија.

Во образованието, за учениците и студентите со попреченост, институцијата може да обезбеди образовен асистент кој ќе му помогне на ученикот/студентот со попреченост поефикасно да го совлада зададениот материјалот. Овој асистент во зависност од потребата може да биде присутен во целодневната настава или само за одредени предмети. Образовниот асистент може да биде заменет парцијално и привремено со формата – врсничко советување.

И во двата примери при обезбедување поддршка без разлика дали станува збор за работен или образовен асистент, работата мора да ја изврши лицето со попреченост, односно кај учениците/студентите со попреченост, образовниот асистент дава поддршка, а домашната задача, на пример, ја пишува ученикот односно студентот.

## ФЛЕКСИБИЛНОСТ И ВРЕМЕ:

Во време кога се живее брзо, голем дел од процесите во општеството и извршувањето на услугите и задачите се ограничени во однос на времето и зададените рокови. Неисполнувањето на крајниот рок за да аплицирате некаде или да се заврши тестот кога ќе заѕвони ѕвончето, може да бидат значајна препрека што би ги оневозможила лицата со попреченост да ги завршат работите во зададениот временски рок.

Согласно состојбата на одредени лица со попреченост, како едно од решенијата при обезбедување на соодветно приспособување може да биде и воведувањето на флексибилно време, односно пристигнувањето на работа подоцна (на пример, поради немање пристапен транспорт) или подолго време за завршување на тестот, обезбедување на подолго време при организирање на состаноци, интервјуа или прегледи, подолго време при ислушување на соговорникот со попреченост или подолго време за поднесување на документите (поради непристапноста на институциите за обезбедување на потребните документи) итн.

# МЕРКИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ВО САМАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ ИНСТИТУЦИЈА:

Кога станува збор за соодветното приспособување, фокусот на јавните и приватните институции и организациите најчесто е ставен на лицето со попреченост и нарушувањата што се очекува да бидат избалансирани со одредена техничка опрема, поддршка или обезбедување на некоја рампа. Голем дел од институциите и организациите (јавни и приватни) ја изоставуваат компонентата на подигнување на јавната свест и обука за попреченост во нивните внатрешни политики, програми или стратешки бизнис планови, целосно изоставувајќи ги лицата со попреченост како сегашни и идни корисници на нивните стоки, добра и услуги.

Во таа насока покрај обврската да обезбедат соодветно приспособување, организациите имаат обврска да го вклучат прашањето на попреченост во нивните стратешки програми, бизнис планови и комуникациски канали, како и да обезбедат обука на своите вработени за различни прашања во врска со попреченоста.

Соодветното приспособување може да биде значајна алатка за подобрување на перформансите и на самата организација или институција бидејќи соодветното приспособување може да биде од корист и за останатите лица без попреченост, а коишто се вработени или се корисници на стоките и услугите што ги нуди таа организација.

# IV.

# ПОГЛАВЈЕ

## 4.1
# ЗАКЛУЧОЦИ

- Конвенцијата за правата на лицата со попреченост прави еден важен исчекор во разбирањето на правата на лицата со попреченост од аспект на пристапот базиран на човекови права, како и нивно широко толкување од страна на Комитетот за правата на лица со попреченост.
- Согласно КПЛП, необезбедувањето на соодветното приспособување е признаено и прифатено како форма на дискриминација врз основа на попреченост.
- Државата презема значителни напори, со цел усогласување на законодавството во целост со обврските од членот 5, којшто се однесува на правото на еднаквост и недискриминација, преземени со ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, но сепак сè уште е потребно значително подобрување за ефикасно и целосно остварување на ова право во пракса.
- Законот за спречување и заштита од дискриминација го уредува прашањето на соодветно приспособување како посебна форма на дискриминација.
- Постоечката законска рамка во областите на социјалните и здравствените услуги, како и законската рамка што го регулира пристапот до добра и услуги, не ја препознаваат инклузивната еднаквост, ниту пак го препознаваат необезбедувањето на соодветното приспособување како дискриминација на лицата со попреченост.
- Анализирајќи го законодавството во областа на пристапот до социјалните и здравствените услуги може да се заклучи дека тоа не обезбедува систематизиран и заокружен приод кон остварувањето на правата на лицата со попреченост.
- На регулаторните институции согласно националното законодавство, во областа на социјалните и здравствените сервиси за поддршка, како и за пристапноста и достапноста на услугите на национално и локално ниво не им се предвидува обврска за соодветна едукација по основ на прашањето на попреченост што претставува сериозен недостаток во борбата против дискриминацијата на лицата со попреченост и создавање на еднакви можности.

- Согласно законската рамка од областа на основното образование, соодветното приспособување е достапно само за учениците со законски утврдена попреченост што е спротивно на КПЛП и ЗСЗД.
- И покрај солидната законска рамка, пристапноста и достапноста до објектите и во нив за лицата со попреченост сè уште претставува актуелен системски проблем поради несоодветната примена на законите.
- Постоечката законска рамка во областа на домувањето не го препознава соодветното приспособување како дискриминација на лицата со попреченост.
- И покрај солидно поставената законска рамка од областа на правосудството и управата, сепак таа не е усогласена со ЗСЗД и КПЛП и не го регулира соодветното приспособување како појавна форма на дискриминација на лицата со попреченост.
- Законодавството во областа на пристапот до информациите и пристапот до добра и услуги, како и во областа на културата не обезбедува систематизиран и сеопфатен пристап за остварувањето на правото на пристап до информациите, добрата и услугите за лицата со попреченост без дискриминација и на еднаква основа со другите, согласно КПЛП и ЗСЗД.
- Законодавството во областа на медиумите и пристапот до информации од јавен карактер не обезбедува систематизиран и сеопфатен пристап за остварување на правото на пристап до информациите за лицата со попреченост без дискриминација и на еднаква основа со другите. Дополнително, постоечката законска рамка не го препознава соодветното приспособување како посебна форма на дискриминација на лицата со попреченост.
- Наодите од индивидуалните средби и фокус групата во периодот на изработката на Водичот, на виделина ги покажаа системските проблеми со коишто се соочуваат лицата со попреченост во остварување на своите права, како и недоволното познавање на институциите, чинителите и самите граѓани со попреченост за концептот на еднаквост и недискриминација, како и правниот институт - соодветно приспособување.
- Постои недоволна национална практика со цел појаснување на анти-дискриминациските стандарди, како и соодветното приспособување за лицата со попреченост.
- Недоволната судска пракса е уште еден елемент којшто е неопходен за подигнување на свеста за соодветното приспособување како правен институт, како за правните практичари, така и за членовите на новата Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Народниот Правобранител и невладините организации коишто обезбедуваат правна помош.
- Неопходно е спроведување на обуки за промоција и примена на соодветното приспособување за практичарите од сите области во кои се применува Законот за спречување и заштита од дискриминација.

# 4.2 ПРЕПОРАКИ

- Постои потреба од усогласување на законската рамка во сите области со ЗСЗД и КПЛП во поглед на обезбедување на заштита од дискриминација и препознавање и примена на соодветното приспособување како алатка за остварување на индивидуална правда за лицата со попреченост.
- Потребно е прецизирање на нормите што го предвидуваат соодветното приспособување, како во опсегот на различните области, така и во анти-дискриминациското законодавството. Исто така, пожелно е создавање на судска практика при примената на овие одредби со цел практично да се покаже каде ќе се поставaт границите на овој правен институт.
- И покрај тоа што Законот за спречување и заштита од дискриминација го опфаќа соодветното приспособување како посебна форма на дискриминација (sui generis) неопходно е законодавецот да даде насоки, критериуми за тоа што се подразбира под концептот на несразмерен трошок или непотребно оптоварување.
- Во Законот за вработување на инвалидни лица и соодветниот Правилник, дефиницијата за соодветното приспособување треба да биде усогласена со КПЛП и ЗСЗД и да биде придружена со список на соодветни видови на приспособувања.
- Потребно е зголемување на свеста кај работодавачите во однос на соодветното приспособување како можност што се субвенционира од страна на државата, а која ќе овозможи квалификуваното лице со попреченост активно да се вклучи во работниот процес.

- Потребно е дефинирање и воспоставување на рамка со што ќе се обезбеди дека лицата со попреченост се заштитени од дискриминација врз основа на попреченост и дека правото на соодветно приспособување не е ограничено на одредени категории лица со попреченост.
- Неопходно е постоечката законска рамка во социјалната и здравствената заштита да се усогласи со ЗСЗД и КПЛП со точно дефинирање на концептот на соодветно приспособување за лицата со попреченост, како и со дефинирање на начините и постапките за неговото обезбедување.
- Во областа на домување, потребно е усогласување на Законот за социјална заштита и нејзините подзаконски акти со ЗСЗД и КПЛП во насока на препознавање на правото на домување за лицата со попреченост и начинот на користење на соодветното приспособување при остварувањето на ова право.
- Неопходна е усогласеност на законската рамка во поглед на имплементација на стандардите на универзален дизајн. Воедно, постои и потреба од нивно усогласување со ЗСЗД и КПЛП и зајакнување на правните лекови за остварување на правата од страна на лицата со попреченост.
- И покрај солидната законска рамка во образованието, сепак потребно е нејзино целосно усогласување со КПЛП и со ЗСЗД во поглед на опфатот на лицата/учениците со попреченост, спроведувањето на принципот на еднаквост и недискриминацијата во рамките на образовниот процес.
- Потребно е спроведување на обуки и зајакнување на капацитетите на адвокатите и судските служби за концептот на соодветно приспособување.
- Треба да се обезбеди обука за јавните институции во однос на прашањето за попреченост од аспект на човековите права, како и за важноста на соодветното приспособување (заедно со пристапноста) за да се обезбеди ефективно спроведување на КПЛП и ЗСЗД.
- Треба да се обезбеди техничка помош, упатства и информации за чинителите од приватниот сектор, со цел тие да можат ефективно да го применат соодветното приспособување.
- Потребно е спроведување на обуки и зајакнување на капацитетите на јавните и приватните институции, како и на организациите на лицата со попреченост во врска со концептот на соодветно приспособување.

- Потребно е да се започне со кампања за подигнување на јавната свест, но и за механизмите за остварување на правата од страна на лицата со попреченост, користејќи го соодветното приспособување.
- Потребно е создавање на национална практика со цел појаснување на анти-дискриминациските стандарди што важат за лицата со попреченост, посебно со иницирање на actio popularis тужби за заштита на правото на еднаквост и принципот на недискриминација на лицата со попреченост, но и за слободата на информирање и изразување преку алтернативните модели, средства и формати на комуникација.
- Имајќи го предвид пристапот за човекови права во однос на прашањето за попреченост се препорачува изработка на Водич за соодветно приспособување во различни сфери од општественото живеење.
- Иако Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во рамките на своите надлежности донеле голем број одлуки/заклучоци/препораки, ефективноста на овие одлуки не е целосна бидејќи тие немаат правно обврзувачка сила и недостасува механизам за присилно извршување. Меѓутоа, со донесувањето на ЗСЗД и потребата од ефективно спроведување и препознавање на соодветното приспособување како посебна форма на дискриминација се препорачува јакнење на капацитетите на НП, КСЗД и Телото за мониторинг на КПЛП.

# Прилог 1
# ЕЛЕМЕНТИ НА СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ВО РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ

## СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ПРИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА РАБОТА И ВРАБОТУВАЊЕ

Остварувањето на правото на работа и вработување на лицата со попреченост е едно од правата во рамките на КПЛП што води кон поголема независност на самите лица со попреченост. Во остварувањето на ова право, како и сите лица, така и лицата со попреченост поминуваат низ неколку фази, од процес на барање на работа, процес на интервјуирање па сè до нивно вработување.

Во сите овие фази, важен елемент е соодветното приспособување. Обезбедувањето на соодветното приспособување мора да биде договорено низ дијалог помеѓу работодавачот и лицето со попреченост.

## ПОЛИТИКА НА ФИРМАТА/ ОРГАНИЗАЦИЈАТА

- Изработете политика за формата и начинот на барање на соодветно приспособување со точни временски рокови и одговорни лица или лице;
- Обезбедете обуки за вработените по прашањето на попреченост, за процесите, начините на комуникација и пристапот кон лицата со попреченост;
- Осигурајте се дека прашањето на попреченост како еден елемент од разноликоста во општеството е дел од вашата организациска култура.

## СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИНТЕРВЈУ НА ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

- Осигурајте се дека просторијата во којашто интервјуирате е пристапна и достапна за лица со попреченост;
- Обезбедете повеќе време за кандидатот со попреченост (во зависност од видот на попреченост);
- Обезбедете толкувач на знаковен јазик за лице со оштетување на слухот;
- Обезбедете и дадете можност интервјуто да се спроведе и низ различни комуникациски форми, на пример скајп, вибер итн.

## ВРАБОТЕНИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

За поголема ефикасност и ангажираност на работникот со попреченост во работната организација во согласност со неговите индивидуалните потреби постои можност да се појави потреба од соодветно приспособување, односно од технички и организациски промени, како и промени на политиката и културата во компанијата. Исто така, потребно е да се земе предвид и родовиот аспект при обезбедувањето на соодветното приспособување за жените и девојките со попреченост.

Елементи коишто би можеле да бидат применети се следниве:

- Обезбедување на пристапна и достапна работна средина (на пример, инсталирање на рампи, рачни шини, автоматско отворање на вратите, пошироки влезови, итн.);
- Обезбедување на пристапен лифт или платформи доколку објектот е на нивоа и постојат скали;
- Обезбедување на пристапни тоалети;
- Поставување гелендери покрај скалите и ѕидовите;
- Набавка на адаптиран канцелариски мебел или опрема (ергономски промени, обезбедување на специјализиран динамичен стол, поддршка за грб, итн.);
- Обезбедување на специјализирана адаптација или асистивни уреди за компјутери, достапна технологија;
- Обезбедување на информациите на пристапни и достапни формати;
- Препознавање на знаковниот јазик како достапен јазик и обезбедување на толкувач;
- Обезбедување на засилувачи на звукот (hearing loops);
- Обезбедување на вибрирачки или визуелни аларми;
- Обезбедување на телепринтер, видеофони, титлување (испишување на кажаното);
- Прераспоредување на мебелот во просторијата за поголема можност за движење;
- Преместување на други работни задолженија;
- Обезбедување на пристапни и достапни обуки за унапредување во кариерата;
- Обезбедување на целиот пишан материјал во алтернативни формати пред настанот/состанокот/средбата (на пример на Брајово писмо или испечатен со големи букви, поставен во аудио или електронски формат);
- Обезбедување на еднакво осветлување на целиот простор;
- Флексибилност при доаѓањето и заминувањето од работа;
- Олеснување на процедурите за унапредување во работата, аплицирање за различни позиции или обуки во компанијата;
- Обезбедување на поддршка и менторирање од страна на колегите и врсничка поддршка;
- Флексибилен распоред на работното време (скратено работно време, редовно или повремено работење од дома);
- Обезбедување на работен асистент за поддршка;
- Дозвола за постојано присуство на личниот асистент на лицето со попреченост на работното место или дозволување на присуство на куче-водич на работното место;
- Подолги или позачестени паузи за работникот со попреченост;
- Обезбедување на поделена просторија или посебна канцеларија за да се намали бучавата/одвраќањето на вниманието;
- Поделба на активностите од големи проекти во помали задачи;

- Обезбедување на показатели/индикатори за површината на тактилното тло;
- Набавка на опрема за работа прилагодена за лицето со попреченост;
- Листа на задолженија и листа за проверка.

Во случајот пред Телото за еднаквост на Кипар, подносителот на жалбата, кој е со оштетен вид, учествувал на испит за да се квалификува за државна служба. Подносителот на барањето побарал дополнително време да го заврши испитот и му биле дозволено дополнителни 30 минути. Но, во ова време било вклучено и времето за паузата на којашто имал право секој кандидат. Телото за еднаквост констатирало дека не постои стандардизирана постапка за испитување кога треба да се направи соодветно приспособување за кандидатите со попреченост и дека не било сторено доволно за да се создадат услови подносителот да може да се натпреварува подеднакво со другите кандидати. Ваквото тело ѝ препорачало на државата да формира тим на експерти како дел од стандардизирана постапка за да ги разгледа ваквите случаи за кои е потребно соодветно приспособување на индивидуална основа.[83]

## СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ПРИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ

Во поглед на образованието се препорачуваат неколку совети коишто би им овозможиле и на образовните институции и на лицата со попреченост полесно имплементирање на соодветното приспособување. Учениците и студентите со попреченост, како и сите други студенти имаат свои индивидуални карактеристики. Секој човек учи на различен начин. Сепак, разликите во стекнувањето на образованието кај учениците и студентите со попреченост не подразбираат преференцијален третман кон лицето со попреченост, ако за тоа нема оправдана основа.

Иако дел од учениците со попреченост можат да функционираат без соодветно приспособување, голем дел од учениците и студентите со попреченост имаат потреба од него, вклучувајќи и измена и промена на на-

83 Види: Тело за еднаквост (Кипар), Реф. А.К.И. 37/2008, 8 октомври 2008 година. Краток преглед на англиски јазик достапен на Европската мрежа на правни експерти од областа на недискриминација, 8 јули 2009 година, Преглед на европски закон за дискриминација, стр.43.

чинот на презентирање на наставата/предавањата, начинот и пристапот на оценување и тестирање, начинот на следење на наставата итн.

Сите приспособувања мора да бидат направени во дијалог и соработка меѓу институцијата и ученикот или студентот со попреченост. Предложените форми на соодветно приспособување се препорачуваат имајќи ја предвид хетерогеноста на лицата со попреченост, но и индивидуалните карактеристики на секој учесник во образовниот процес. Воедно, треба да се земе предвид и родовиот аспект при обезбедувањето на соодветното приспособување за девојките со попреченост. Како и кај другите области, така и овде списокот на приспособувања не е исцрпувачки.

## УПАТСТВА И НАСОКИ

- Обезбедување на упатства и насоки за остварување на правото на соодветно приспособување во различни пристапни формати од страна на образовната институција (училиште, факултет, студентски дом);
- Обезбедување на дијалог и комуникација за начините за спроведување на соодветното приспособување со ученикот или студентот со попреченост од страна на образовната институција;
- Обезбедување на услугите, програмите, вон-наставните активности, курсевите и излетите на пристапен и достапен начин со цел да се мотивираат учениците со попреченост да се вклучат во планираните процеси и наставни планови;
- Обезбедување на флексибилен наставен план достапен за сите ученици од страна на образовната институција;
- Подигнување на јавната свест за процесите, начините на комуникација и пристапот кон лицата со попреченост, како кај учениците, така и во составот на образовната институцијата;
- Обезбедување на соодветно приспособување на барање на ученикот/чката или студентот/ката со попреченост од страна на образовната институција и кога тие не се категоризирани и нема наод и мислење.

## ОБРАЗОВНИ УСЛУГИ

Услугите и наставата коишто се изведуваат во образовните институции треба да бидат достапни за учениците/чките и студентите/ките со попреченост. Во таа насока, образовната институција може да обезбеди:

- Печатени публикации и предмети достапни во алтернативни формати (на пример електронски, печатени на Брајово писмо, аудио формати);
- Пристап на интернет страна каде ученикот или студентот со попреченост може да ги најде материјалите за учење како и да се информира за сите услуги кои ги нуди институцијата;
- Флексибилно време за спроведување на оценувањето и тестирањето кај лицето со попреченост;
- Алтернативни форми за спроведување на оценувањето и тестирање, на пример да му се овозможи на ученикот усно да го направи тестирањето или на компјутер;
- Толкувачи на знаковен јазик;
- Таблети, читач на екран и различна помошна технологија за следење на наставата;
- Обезбедување и овозможување на различни услуги за поддршка за лицето со попреченост (на пример да си донесе свој личен асистент или можност да користи куче водич во образовната институција);
- Обезбедување на физиотерапевтски услуги во установата (на пример за време на часот по физичко и здравствено образование, или за време на одредени часови кога лицето смета дека има потреба од тоа;
- Овозможување наставниот план да биде прикажан преку слики или други формати;
- Обезбедување на соодветна и приспособена исхрана во образовната институција.

## ФИЗИЧКА И КОМУНИКАЦИСКА ПРИСТАПНОСТ НА ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

- Обезбедување на целосна пристапност до и во образовната установа како и обележување на рабовите во објектот со боја во висок контраст;
- Обележување на паркинг места пред влезовите на образовната установа;
- Обезбедување на знаци и бројки со кои се обележуваат училниците, со поголеми букви со висок контраст;
- Информациите коишто се поставуваат на огласната табла да бидат изработени со поголеми букви;
- Прераспределба на материјалот и мебелот во училницата (на пр. за лицата со оштетен слух и говор - училницата во форма на амфитеатар; за лицата со низок раст - распоред на мебел што ќе овозможи удобност; за лицата со послаб вид - сместување во првите редови; за лицата во количка - обезбедување поголем простор помеѓу клупите, итн.);
- Обезбедување на врсничка поддршка на лице со интелектуална или психосоцијална попреченост, од страна на еден од учениците без попреченост, покрај поддршката на образовниот асистент;
- Обезбедување на целосна пристапност во тоалетите и кабините за туширање;
- Обезбедување различна спортска или музичка опрема и реквизити кои би биле приспособени така што ќе ги користат сите ученици и студенти со и без попреченост;
- Обезбедување на мебел и опрема кои се прилагодливи по висина и овозможуваат организирање на различни активности за учење и работа во групи;
- Признавање на потписот со факсимилот како важечки потпис со што би се овозможило студентите со оштетување на видот да го потпишат документот за аплицирање или давање на некоја согласност;
- Овозможување и достапни информации за дисциплинските и жалбените процедури и постапки каде ученикот/ студентот со попреченост ќе може да достави поплака.

Запомнете дека соодветното приспособување може да се состои од комбинација од повеќе елементи, на пример реорганизација на училницата, обезбедување на пристапност до и во просториите, како и обезбедување на пристапен тоалет.

Лице во количка поднело тужба против Министерството за образование бидејќи не го добило работното место во еден суд во Франција. Жалителот бил рангиран на третото место помеѓу пријавените кандидати. Кога првите двајца кандидати ја одбиле понудата за тоа работно место, тогаш истото му било понудено на четвртиот кандидат, наместо на жалителот. Наместо тоа, на жалителот му била понудена работна позиција во друго одделение, коешто било прилагодено за пристап со количка. Државата ја правдала оваа одлука повикувајќи се дека не е од јавен интерес да се инвестираат средства за да се направат измени во просториите, а со тоа да се исполни обврската за соодветно приспособување. Судот утврдил дека Министерството за образование направило повреда во извршувањето на обврската за обезбедување на соодветно приспособување за лице со попреченост и дека размислувањата на Раководството на Министерството не се причина за оправданост[84].

## СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

КПЛП ги обврзува државите да го забранат и спречат дискриминаторското необезбедување на здравствените услуги на лицата со попреченост и да обезбедат родово-сензибилизирани здравствени услуги, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на медицинската рехабилитација.

Лицата со попреченост треба да имаат ист опфат, право на избор, квалитет и стандард на бесплатна или достапна здравствена заштита и програми исто како и другите лица, вклучително и во областа на сексуалното и репродуктивното здравје, програмите за јавно здравје и да бидат на еднаква основа со другите. Исто така, потребно е да се земе предвид и родовиот аспект при обезбедувањето на соодветното приспособување за жените и девојките со попреченост во областа на здравјето и рехабилитацијата.

И двата вида на здравствени услуги, односно оние предвидени за општата популација и услугите поврзани со одредена попреченост треба да бидат обезбедени во близина на живеалиштата на лицата со попреченост, вклучително и во руралните области.

## УПАТСТВА И НАСОКИ

- Обезбедување на промена во политиките за обезбедувањето на здравствените услуги, обезбедување на обуки за вработените, како и дефинирање на начините и формите за барања на соодветно приспособување од страна на институции каде што се сместени лицата со попреченост;
- Изработка на упатства и насоки за остварување на правото на соодветно приспособување во различни пристапни формати од страна на здравствената институција (јавна или приватна);
- Воспоставување на дијалог и комуникација за начините за спроведување на соодветното приспособување со пациентот или корисникот со попреченост од страна на здравствената институција;
- Обезбедување на услугите на различни начини од страна на здравствената институција со цел да им се овозможи на лицата со попреченост да имаат пристап и избор;
- Обезбедување на флексибилен временски план за пациентите и корисниците со попреченост од страна на здравствената институција;
- Подигнување на свеста, како кај своите вработени, така и кај јавноста за процесите, начините на комуникација и пристапот кон лицата со попреченост од страна на здравствената институција;
- Обезбедување на соодветното приспособување на барање на пациент или корисник со попреченост од страна на здравствената институција.

84 Види: Административен суд Руан, Бутилер против министерствата за пресуда, Пресуда бр. 0500526-3, 24 јуни 2008 година, Преглед на законот, стр.46.

# ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

Услугите кои ги нудат здравствените институции треба да бидат достапни за пациентите и лицата со попреченост, како корисници. Исто така, потребно е здравствените работници при обезбедувањето на здравствените услуги да им се обраќаат лично на пациентите со попреченост, а не преку лицето кое го придружува, објаснувајќи ги чекорите што се преземаат.

Здравствената институција може да обезбеди:

- Флексибилност во времето за прегледи на лица со попреченост;
- Флексибилност во поглед на правилата и постапката за користење на некоја здравствена услуга;
- Печатени публикации и флаери за здравствените услуги достапни во алтернативни формати (на пр. електронски, печатени на Брајово писмо, аудио формати или преку слики или други формати);
- Пристапна интернет страница каде лицето со попреченост може да најде различни материјали поврзани со здравјето, како и да се информира за сите услуги кои ги нуди институцијата;
- Обезбедување на повратна информација од здравствениот преглед во пристапни формати;
- Овозможување на користењето на знаковниот јазик во сите фази од користењето на услугата;
- Обезбедување пристапни и достапни информации и обуки за лицата со попреченост во различни области од јавното здравство, сексуално и репродуктивно здравје;
- Обезбедување и овозможување на различни услуги за поддршка за лицето со попреченост (придружба од личен асистент или куче - водич во институцијата).

## ФИЗИЧКА И КОМУНИКАЦИСКА ПРИСТАПНОСТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

- Обезбедување на пристапност до влезот и во просторот, со добро означени линии со контрасти коишто ќе укажат на препреките и завршетоците на просториите (на пример, паркиралишта, рампи, лифтови, модификации на тоалетите);
- Обележување на паркинг место пред влезовите на здравствената институција;
- Обезбедување на поголеми знаци и бројки, со висок контраст и во поголем фонт со коишто се обележуваат амбулантите и канцелариите;
- Обезбедување на целосна пристапност во тоалетите и кабините за туширање во институциите;
- Објавување на информациите коишто се поставуваат на огласната табла со поголеми букви;
- Прераспределба на материјалот и мебелот во институцијата за поголема мобилност и прегледност;
- Обезбедување на прилагодливи маси за преглед, вклучително и пристапен гинеколошки стол (со можност за дигање и спуштање на висината);
- Пристапен стоматолошки стол што може да се подига или спушта, со истовремено прилагодување на висината на чешмата за исфрлање на насобраната течност (поставена од страната на столот);
- Обезбедување на мобилни болнички кревети со можност за прилагодување на висината според потребите на лицето со попреченост;
- Обезбедување на пристапни апарати за прегледи, на пример пристапен апарат за мамографија за да може испитувањето да се врши во удобна положба за жената со попреченост;
- Обезбедување на пристапни и достапни информации и формулари за сите здравствени услуги, како и лекарски извештаи (на пример со зголемен фонт, Брајово писмо, лесно разбирлив јазик итн.);
- Обезбедување на здравствената услуга во добро осветлена просторија (на пример избегнување на потполно мрачни простории за правење прегледи, како што е правењето ЕХО, особено за лица со оштетување на слухот и делумно оштетување на видот);
- Овозможување на користење на факсимил за лицата со оштетување на видот со цел лично потпишување на документот за давање на согласност за користење на одредена здравствена услуга;
- Овозможување на пристапни и достапни дисциплински и жалбени процедури и формулари со цел олеснето поднесување на претставка од страна на лицето попреченост.

Во областа на здравството, тужителот (лице во количка) поднел тужба до Управниот окружен суд во врска со недостапноста на повеќе здравствени установи и услуги. Судот се повикал на член 111 од уставот на Летонија (за правото на здравје) и пресудил дека неможноста да се обезбеди физички пристап до здравствените установи е форма на дискриминација врз основа на попреченост. Според Судот, должноста да се обезбеди соодветно приспособување за да се овозможи пристап до здравствените установи е утврдена со закон. Пресудата била заснована на КПЛП. Имено, Судот се осврнал на дефиницијата за соодветно приспособување во КПЛП и побарал да се процени дали различните простории за здравствени услуги се достапни за тужителот. Во некои случаи, Судот утврдил недостаток на примена на соодветното приспособување според КПЛП. Судот, забележал дека лицата кои користат колички не биле во можност да го достигнат копчето за повик за да побараат помош од персоналот и да добијат пристап до зградата. Севкупно, Судот утврдил пропуст од страна на Здравствениот инспекторат во однос на правата на подносителот на барањето и пресудил исплата на надоместок кон тужителот[85].

[85] Види: Летонија, Административен окружен суд [Administratīvi rajona lidha], Случај бр. A420571712, 2 декември 2013 година, стр.125, пара.13 и пара.17, достапно на: <https://publations.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/154560d2-d494-4080-90b5-dacfc1b83094>.

## СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Социјалните услуги се вбројуваат меѓу најчестите услуги кои ги користат лицата со попреченост. Нивната застапеност е пред сè како резултат на поставеноста на системот, при што голем број на услуги и бенефиции се обезбедуваат преку институциите на социјалната заштита.

Како во другите области, така и во оваа област лицата со попреченост може да побараат соодветно приспособување од страна на давателите на социјални услуги.

Исто така, потребно е да се земе предвид и родовиот аспект при обезбедувањето на соодветното приспособување за жените и девојките со попреченост во областа на социјалната заштита и сигурност.

## УПАТСТВА И НАСОКИ

- Обезбедување на промена во политиките за обезбедувањето на здравствените услуги, обезбедување на обуки за вработените, како и дефинирање на начините и формите за барања на соодветно приспособување од страна на институции каде што се сместени лицата со попреченост;
- Изработка на упатства и насоки за остварување на правото на соодветно приспособување за лицата со попреченост во различни пристапни формати, од страна на институциите коишто даваат социјални услуги;
- Воспоставување на дијалог и комуникација со корисниците со попреченост за начините на спроведување на соодветното приспособување од страна на институциите коишто даваат социјални услуги;
- Обезбедување на испораката на услугите на повеќе начини, со цел овозможување на лицата со попреченост да имаат пристап и избор;
- Обезбедување на флексибилен временски план за давање на услуги на корисниците со попреченост од страна на институциите кои даваат социјални услуги;

- Подигнување на свеста, како кај вработените, така и кај општата јавноста од страна на институциите коишто даваат социјални услуги во врска со процесите, начините на комуникација и пристапот кон лицата со попреченост;
- Обезбедување на соодветното приспособување на барање на лицата со попреченост, од страна на институциите кои даваат социјални услуги.

## СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Услугите кои ги нудат институциите кои обезбедуваат социјална заштита (јавни или приватни) треба да бидат пристапни и достапни за лицата со попреченост. При обезбедување на истите, потребно е социјалните работници да им се обраќаат лично на корисникот со попреченост, а не преку лицето кое го придружува, објаснувајќи ги чекорите што се преземаат. Од тој аспект, институцијата може да обезбеди:

- Флексибилност во поглед на правилата и постапката за аплицирање за користење на некоја социјална услуга;
- Обезбедување на печатените публикации и флаери за услугите во алтернативни формати (на пример: електронски, печатени на Брајово писмо, аудио формати или преку слики или други формати);
- Овозможување пристап на интернет страницата каде лицето со попреченост може да најде различни материјали поврзани со социјалните услуги, како и да се информира за сите услуги што ги нуди институцијата;
- Обезбедување поддршка за пополнување на документи и барања за користење на некоја услуга;
- Обезбедување на толкувачи на знаковен јазик за лица со оштетен слух или читачи во сите фази од користењето на услугата;
- Обезбедување и овозможување на различни услуги за поддршка за лицето со попреченост (на пример: придружба од личен асистент или куче-водич во институцијата);
- Овозможување на користење на факсимил за лицата со оштетување на видот со цел лично потпишување на документот за давање согласност за користење на одредена социјална услуга.

## ФИЗИЧКА И КОМУНИКАЦИСКА ПРИСТАПНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- Обезбедување пристап до влезот и во просторот со добро означени линии/со контрасти/коишто ќе укажуваат на препреките и завршетоците на просториите (на пример: паркиралишта, рампи, лифтови, модификации на тоалетите);
- Обезбедување на знаци и бројки, со висок контраст и поголем фонт со кои се обележуваат канцелариите и просториите;
- Обезбедување на пристапност до тоалетите во институциите;
- Објавување на информации коишто се поставуваат на огласната табла со поголеми букви;
- Прераспределба на материјалот и мебелот во институцијата за поголема мобилност и прегледност;
- Обезбедување на адаптиран мебел (на пример: со можност за дигање и спуштање на висината);
- Обезбедување видливи упатства на институцијата за користење на некоја социјална услуга во поголем формат, со големи букви и слики;
- Обезбедување пристапни и достапни информативни сесии за лицата со попреченост за подобноста на користење на различни социјални услуги, како и за изборот и начинот на користење на ваквите услуги;
- Обезбедување на документите во електронски формат и други пристапни технички и комуникациски форми;
- Обезбедување на достапни интернет страници на коишто ќе бидат поставени сите документи и Водичи за определени социјални услуги во пристапни формати;
- Обезбедување на пристапни дисциплински и жалбени процедури и постапки преку кои лицето со попреченост ќе може да достави претставка.

Управниот окружен суд во Летонија за првпат се повикал на почитување и исполнување на обврската за соодветно приспособување во контекст на побарување за пензија од страна на лице со психосоцијална попреченост. Случајот се однесувал86 на одлуката на државните агенции со која на тужителот му доделуваат старосна пензија, наместо повисока инвалидска пензија.

Оваа одлука се засновала на фактот дека тужителот доцнел со доставувањето на информации за докажување на должината на работниот однос. Ова доцнење придонело тужителот да не биде подобен за поголема пензија за што тужителот инаку би се квалификувал.

Судот утврдил дека соодветното приспособување би му овозможило на тужителот повеќе време да ја достави потребната документација. Доколку тоа не е возможно, тогаш постои дискриминација врз основа на оневозможеност и повреда на КПЛП и член 91 од Уставот на Република Летонија. Судот утврдил дека постојат објективни причини за продолжување на временскиот период за доставување на потребните документи со оглед на попреченоста на тужителот.

Во својата пресуда Судот се повикал на член 28 од КПЛП, со којшто се бара од земјите-членки да го признаат правото на социјална заштита на лицата со попреченост без дискриминација, вклучително и обезбедување на соодветно приспособување.

## СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАП ДО ДОБРА И УСЛУГИ

Како и сите други лица, така и лицата со попреченост се потрошувачи и корисници на различни стоки и услуги. За да можат да пристапат, да ги набават или да ги користат ваквите стоки и услуги, неопходно е институциите, производителите и финансиските установи да обезбедат пристапност и достапност на нивните производи и услуги (на пример: кината, театрите, музеите, јавните спортски

86 Види: Летонија, Административен окружен суд (Administratīvi apgabaltiesa), Б. против Државната агенција за социјално осигурување (Valsts Sociālās apdrošināšanas aģentūra), Предмет бр A420528911, 27 септември 2013 година, стр.121, достапно на: <https://publications.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/154560d2-d494-4080-90b5-dacfc1b83094>.

и рекреативни организации, превозниците, религиските организации итн.).

Исто така, потребно е да се земе предвид и родовиот аспект при обезбедувањето на соодветното прилагодување за жените и девојките со попреченост во областа на пристапот до добра и услуги.

## УПАТСТВА И НАСОКИ

- Изработка на упатства и насоки за остварување на правото на соодветно приспособување за лицата со попреченост во различни пристапни формати од страна на производителите и давателите на добра и услуги;
- Воспоставување на дијалог и комуникација со корисниците со попреченост за начините на спроведување на соодветното приспособување од страна на производителите и давателите на добра и услуги;
- Обезбедување на испораката на услугите на повеќе начини со цел овозможување на лицата со попреченост да имаат пристап и избор;
- Подигнување на свеста, како кај вработените, така и кај општата јавноста од страна на институциите коишто даваат добра и услуги во врска со процесите, начините на комуникација и пристапот кон лицата со попреченост.

## УСЛУГИ И ПРИСТАП ДО ДОБРА

Услугите и добрата што ги нудат компаниите, институциите и организациите треба да бидат достапни и за лицата со попреченост како корисници или потрошувачи. Во таа насока, се препорачува:

- Флексибилност во поглед на правилата и постапката за аплицирање за користење на некоја услуга или набавка на некои добра;
- Обезбедување на печатени публикации и флаери за услугите во алтернативни формати (на пример: електронски, печатени на Брајово писмо, аудио формати или преку слики или други формати);
- Овозможување на пристап на интернет страницата каде лицето со попреченост може да најде различни материјали и информации поврзани со услугите и добрата што ги нуди компанијата/организацијата/институцијата;
- Обезбедување на повеќе начини за контактирање за нарачка или проверка на достапноста на одреден производ или услуга, вклучително и преку телефон, лично и преку редовна и електронска пошта;
- Обезбедување на пристапни информации за добрата и услугите во различни формати;
- Обезбедување на поддршка за пополнување на формулари или различни апликации за набавка на различни стоки и услуги (на пример: пополнување на формулари за барање на кредит);
- Обезбедување на места за седење и поголем простор за чекање во чекалните;
- Овозможување на користење на знаковен јазик во сите фази од побарувањето, па сè до негова финална реализација;
- Обезбедување и овозможување на различни услуги за поддршка на лицето со попреченост (на пример: придружба од личен асистент или куче-водич во просторијата - хотел, ресторан, продавница, банка, кино, театар, спортско рекреативна организација, религиски објект, во превозно средство итн.);
- Обезбедување на толкувачи на знаковен јазик;
- Овозможување на користење на факсимил за лицата со оштетување на видот со цел лично потпишување на бараниот документ потребен за соодветното добро или услуга.

## ФИЗИЧКА И КОМУНИКАЦИСКА ПРИСТАПНОСТ

- Обезбедување пристап до влезот и во просторот со добро означени линии/со контрасти/ коишто ќе укажат на препреките и завршетоците на просториите (на пример: паркиралишта, рампи, лифтови, модификации на тоалетите);
- Обележување на паркинг место пред влезовите на објектот;
- Обезбедување на знаци и бројки, со висок контраст и поголем фонт со кои се обележуваат канцелариите и просториите;
- Обезбедување на целосна пристапност во тоалетите и/или кабините за туширање во објектите;
- Обезбедување на пониски шалтери со цел лицата што користат количка да можат на достоинствен начин да

ја побараат услугата (на пример: да платат сметка, да платат некоја набавена стока, да набават карти, итн.);

- Обезбедување едноставна пристапност за влез низ просториите чии што врати лесно се отвораат;
- Обезбедување доволен простор за движење на лице во количка помеѓу штандовите/ полиците каде се поставени различни производи;
- Обезбедување на поддршка на местото (на пример: да се прочита написот на производот од страна на вработеното лице во продавницата или институцијата);
- Обезбедување соодветна сигнализација и поставување пристапни информации на полиците со производите;
- Обезбедување на големи релјефни броеви или материјал на Брајово писмо на броевите и написите на вратите;
- Прераспределба на материјалот и мебелот во институцијата за поголема мобилност и прегледност.

Пред надлежниот орган за еднаков третман во Унгарија, патник со оштетен вид се пожалил дека авиокомпанија не му дозволила да лета затоа што не ги известил дека е лице со попреченост кога првично направил резервација, туку подоцна - десет дена пред неговиот лет. Авиокомпанијата својата одлука ја правдала велејќи дека треба да се знае дали на патниците им е потребна специјална помош кога се резервираат картите заради безбедносни причини. Авиокомпанијата тврдела дека биле информирани во подоцнежна фаза што значело дека ќе треба да обезбедат придружник што можело да предизвика безбедносен ризик. Телото за еднаков третман заклучило дека ова не може да се смета за разумно оправдана цел бидејќи одредено лице може да направи резервација месеци однапред, но и само неколку дена или на самиот ден пред летот. Ова надлежно тело, исто така, утврдило дека во конкретниот случај, авиокомпанијата била запознаена со потребата на патникот десет дена пред летот, со што имала доволно време да се обезбеди соодветното приспособување.[87]

[87] Види: Унгарија, Тело за еднакво постапување (Egyenlő Bánásmód Hatóság), Случај 146/2009, стр.146.

## СООДВЕТНО ПРИСПОСОБУВАЊЕ ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАП ДО ДОМУВАЊЕ

Домувањето е едно од правата коешто е исклучиво важно во обезбедувањето на независниот живот на лицата со попреченост. Домувањето како област можеме да ја разгледуваме од аспект на лицата со попреченост кои се сместени во различни институции и групни домови, како и од аспект на лицата со попреченост кои живеат самостојно и имаат потреба од дом што е приспособен согласно нивната состојба. Потребно е да се земе предвид и родовиот аспект при обезбедувањето на соодветното приспособување за жените и девојките со попреченост во областа на домувањето.

Во тој контекст, списокот на елементи за соодветно приспособување може да вклучува, но не и да се ограничува на:

- Изработување на упатства и насоки за остварување на правото на соодветно приспособување за лицата со попреченост во различни пристапни формати од страна на институциите каде се сместени лицата со попреченост;
- Обезбедување на куче-водич во домот;
- Обезбедување на пристапни и достапни простории со јасни и видливи знаци за ориентација низ живеалиштето;
- Обезбедување пристапност во дворот и можност за користење на сите услуги што ги нуди резидентната институција;
- Обезбедување на сигнализација во домот која ќе може да ја користи лицето со попреченост;
- Обезбедување на пристапни и достапни тоалети, бањи итн;
- Обезбедувањето на информациите во пристапен и достапен формат (на пример: зголемување на фонтот на документите за лице со оштетен вид или обезбедување на толкувач на знаковен јазик за лицата со оштетен слух, потсетници за лицата со интелектуална попреченост и слично);
- Дозволување на присуство на личен асистент или асистенти по избор и волја на лицето и покрај тоа што институцијата обезбедува помош и поддршка;
- Овозможување на пристапни дисциплински и жалбени процедури и постапки преку кои лицето со попреченост ќе може да достави претставка;

Кога лицата со попреченост сакаат да живеат самостојно, при изградбата на становите, односно набавката, тоест кога се сместуваат или закупуваат стан можат од изведувачот, односно закуподавачот или куќниот совет на станбената единица да побараат:

- Изградба, инсталирање или модификација на пристапот во станбената единица (на пример: обезбедување на кваки, спуштање на прагови, рампи, лифтови итн.);
- Поставување и обележување на паркинг место блиску до влезот на станбената единица;
- Означување на станбената единица со пристапни знаци со поголем фонт и контраст во боите;
- Соодветно осветлување и означување и обележување на ивиците во станбената единица со контрастни бои;
- Обезбедување на пристапна сигнализација во станбената единица;
- Овозможување на размена на стан од втор на прв кат или замена на непристапен со пристапен стан (во соработка со општината);
- Обезбедување на пристапни дисциплински и жалбени процедури и постапки преку кои лицето со попреченост ќе може да достави претставка.

Повеќето приспособувања не се скапи за обезбедување, односно ако бидат пошироко прифатени, тие ќе бидат далеку покорисни не само за лицето кое го бара односното приспособување, туку од нив ќе имаат поголема корист сите други корисници.

> Пример: Лице со попреченост решава да купи стан. Лицето бара кваките (тешко може да ги фати) во нејзиниот/неговиот стан и во заедничките простории да се заменат со рачки соодветни за лица со попреченост.

Приспособувањето не треба да биде принудно. Тоа е процес на соработка во којшто учествуваат сите страни. Лицето коешто го спроведува приспособувањето треба да преземе чекори за да ги реши сите недоразбирања коишто можат да се појават како резултат на незадоволство од другите од коишто се очекува да го обезбедат приспособувањето. Во некои ситуации, недоразбирањето може да биде поврзано со недостаток на свест за природата на попреченоста.

Имајте предвид дека секој човек различно ја доживува својата попреченост. Од лицата коишто го обезбедуваат приспособувањето се бара да се едуцираат за попреченоста како дел од човековата разноликост, да го спроведат приспособувањето, како и да влијаат врз надминувањето на стереотипите коишто вработените, станарите, персоналот во продавниците, банките, учениците, наставниот кадар, здравствените работници може да го имаат кон лицата со попреченост. Решавањето на непристапноста треба да се направи на начин на којшто ќе се гарантира почитување на достоинството и приватноста на лицето со попреченост.

## ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСПОСОБУВАЊЕ

Процесот на приспособување е заедничка одговорност на барателот и на обезбедувачот на соодветното приспособување. Секоја инволвирана страна треба да соработува во процесот, да споделува информации и да ги разгледува потенцијалните решенија за приспособување. Кога ќе пристапите до одредена организација (јавна или приватна) во која било област за да побарате соодветно приспособување како лице со попреченост, потребно е да знаете дека:

- имате право да поднесете барање за соодветно приспособување со цел овозможување на пристап до потребните добра и услуги;
- потребно е да обезбедите образложение зошто барате соодветно приспособување и да наведете примери зошто постоечката состојба не одговара на вашите потреби;
- поставувајте прашања за политиките и процедурите коишто постојат во институцијата или организацијата. Прашајте што можете да очекувате од процесот, вклучително и како ќе се разгледа вашето барање и кога ќе ви биде соопштен резултатот;

- внимателно објаснете какви приспособувања ви се потребни и како тие ќе ви помогнат. Дадете опис на приспособувањата за коишто сметате дека ви се потребни за да можете ефективно да комуницирате во околината во која што работите, ефикасно да работите, да се едуцирате и слично. Корисно е да дадете примери како може да се подобрат процедурите/услугата/политиката за конкретното приспособување коешто го барате;
- бидете подготвени да работите со институцијата/организацијата за да се идентификуваат потенцијалните капацитети за приспособувањето и да се дискутира за она што нема да функционира;
- идентификувајте ги членовите во КПЛП, ЗСЗД или друг закон коишто го поддржуваат вашето барање за соодветно приспособување;
- запомнете дека во некои случаи организацијата може да го одбие вашето барање за обезбедување на приспособувањето доколку смета дека тоа би било економски неисплатливо. Во вакви случаи, размислете дали сте подготвени да продолжите да разговарате за други алтернативи;
- побарајте информации за активности кои што организацијата/институцијата (јавна или приватна) ги презела или одбила да ги преземе како одговор на вашето барање за соодветно приспособување;
- во случај на одбивање на барањето можете да се консултирате за понатамошно водење на постапка пред националните механизми за заштита и спречување од дискриминација, како и во организациите на лица со попреченост и организациите коишто работат во полето за заштита на човековите права.

# БИБЛИОГРАФИЈА


Lawson A., Соодветно прилагодување за лицата со попреченост во областа на вработување: правна анализа на ситуацијата во земјите-членки на ЕУ, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка, Европска комисија, 2016 година.

Waddington L., Broderick A., *Закони по основ на попреченост и обврската за соодветно приспособување при вработување: Правна анализа на состојбата во земјите членки на ЕУ,* 2016 година, достапно на: <https://publications.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/154560d2-d494-4080-90b5-dacfc1b83094>.

Broderick A., *Долгиот и ветровит пат кон еднаквост и вклучување на лицата со попреченост: Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост*, достапно на: <https://cris.maastrichtuniversity.nl/ws/files/1699051/guid-17dc193e-9ce9-40b4-8aeb-9b3756a275ae-ASSET1.0>.

Европска Комисија, *„Соодветно приспособување во Европа"*, достапно на: <http://www.philodroit.be/IMG/pdf/bribosia_rorive_reasonable_accommodation_en-2.pdf>.

Waddington L., *Спроведување и толкување на одредбите за соодветното приспособување од Директивата за Вработување. Научени лекции и најдобра пракса,* 2004 година, достапно на <http://edz.bib.uni-mannheim.de/daten/edz-ath/gdem/04/reasonaccom.pdf>.

Здружени на млади правници, *Анализа за стратешко водење на предмети во судска постапка од областа на дискриминација*, 2014 година. достапно на: <http://myla.org.mk>.

Попоска Ж., Кадриу Б., Коцева Е., Кочоска Е., *Анализа на дискриминациските практики во областа на вработувањето и работните односи врз етничка припадност, возраст, пол и ментална и телесна попреченост*, Полио Плус, 2014 година.

Попоска Ж., Шаврески З., Амдију Н., *Водич за соодветно приспособување*, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2014 година.

Попоска Ж., Кадриу Б., Грозданова Е., Чупи Р., Кочоска Е., *Анализа на дискриминациските практики во областа на пристапот до добра и услуги*, Министерство за труд и социјална политика и Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2016 година.

Попоска Ж., *Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп како антидискриминациски инструмент, УДК. 341.231.14-056.26.36/094.2.072*, достапно на: <http://js.ugd.edu.mk/index.php/YFL/article/download/2820/2606/>.

Пооска Ж., *Толкувач на Меѓународната Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на обединетите нации*, Полио Плус, 2018 година, достапно на: <www.polioplus.org.mk>.

Попоска Ж., *Патувај Далеку - Демистификација на прашањето на хендикеп со осврт на правото на вработување и работни односи*, Полио Плус 2018 година, достапно на: < http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/patuvaj-daleku-mk.pdf>

Попоска Ж., *„Вработување на лицата со хендикеп во Македонија“*, Полио плус, достапно на: <www.polioplus.org.mk>.

Попоска Ж., *Изгубената Агенда - Демистификација на прашањето на попреченост во областа на еднаквост и недискриминација*, Полио Плус, 2018 година, достапно на: < http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/izgubenata-agenda-mk.pdf>.

Кочоска Е., Шаврески З., Јовевска В., Лазовски В., *Анализа на состојбата на лицата со физичка попреченост*, Хелсиншки комитет за човекови права, 2018 година, достапно на: <https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/analiza-na-sostojbata-na-liczata-so-fiz/>.

Кочоска Е., Шаврески З., *Каде плови овој брод? - Демистификација на прашањето на хендикеп со осврт на правото на здравствена заштита*, Полио Плус, 2018 година, достапно на: <http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/kade-plovi-ovoj-brod-en.pdf>.

Кочоска Е., Шаврески З., *Алката што недостасува - Демистификација на прашањето на хендикеп со осврт на правото на образование*, Полио Плус, 2018 година, достапно на: <http://polioplus.org.mk/margina/dokumenti/Alkata-sto-nedostasuva-B5-mk.pdf>.

Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, *„Службен весник“, бр.172/2011* од 14 декември 2011 година, достапно на: <http://www.mtsp.gov.mk> и <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за спречување и заштита од дискриминација, *„Службен весник“, бр. 101/2019* од 22 мај 2019 година, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за заштита на правата на пациентите, *„Службен весник“, бр. 53/2011* од 22 април 2011, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за основното образование, *„Службен весник“, бр. 161/2019* од 05 август 2019 година, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за работните односи, *„Службен весник“ бр. 74/2015* од 08 мај 2015 година, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за вработување на инвалидни лица, *„Службен весник“ бр.*44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/15 и 147/15, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Законот за заштита на потрошувачите *„Службен весник“ бр.152/15*, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Законот за нотаријатот, *„Службен весник“ бр.20/2009*, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за домување, Министерство за транспорт, достапно на <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за градење, *„Службен весник“ бр.187/14*, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за просторно и урбанистичко планирање, *„Службен весник“ бр. 199/2014* од 30 декември 2014 година, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за локална самоуправа, „Службен весник“ број 5 од 29-ти Јануари 2002 година. Достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за социјална заштита, *„Службен весник“, бр. 104/2019* од 23 мај 2019 година, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за здравственото осигурување *„Службен весник“ бр. 91/2013*, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (консолидиран текст), *„Службен весник“ бр. 27/2019* од 5 февруари 2019 година, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, *„Службен весник“ бр.98/19*, достапно на: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Закон за медиуми, *„Службен весник“ бр. 184/2013 и 13/2014*, достапно на:: <http://www.slvesnik.com.mk>.

Правилник за начинот на остварување на правото на додаток за домување за лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, образецот на барањето и потребната документација, Министерство за труд и социјална политика, достапно на: <http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2019pravilnici/30.5-dodatok%20za%20domuvanje.pdf>.

Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала, достапно на: <http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/10._Pravilnik_za_indikaciite_za_ostvaruvawe_na_pravo_na_ortopedski_i__drugi_pomagala__33_od_2011.pdf>

Правилникот за вработување на инвалидни лица, АВРМ, достапно на: <http://av.gov.mk/pravilnici.nspx>.

Европска социјална повелба, достапно на: <http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/European%20social%20charter%20_revised_%20MKD%20translation.pdf>.

Европска конвенција за човекови права, достапно на: <https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf >.

Директивата 2000/78/ЕС, достапно на: <https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32000L0078&from=EN>.

Конвенција за правата на лицата со попреченост *A/RES/61/611, 2006,* достапно на: <http://www.un.org/esa/socdev/enable/rights/convtexte.htm >.

Комитет на ОН за правата на лицата со попреченост, Општ Коментар број 2- Пристапност, CRPD/C/GC/2, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/GC/2&Lang=en >.

Комитет на ОН за правата на лицата со попреченост, Општ Коментар бр. 4 за правото на инклузивно образование, ОН Док. CRPD/C/GC/4, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/GC/4&Lang=en>.

Комитет на ОН за правата на лицата со попреченост, Општ коментар број 5- еднаквост и недискриминација, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/GC/5&Lang=en>.

Комитет на ОН за правата на лицата со попреченост, Општ коментар број 3 CRPD/C/GC/3, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/GC/3&Lang=en>.

Заклучни согледувања на иницијалниот извештај за Шпанија, UN Doc. CRPD/C/ESP/CO/1 (2011), достапно на: <http://docstore.ohchr.org/>.

Заклучни согледувања на Комитетот за правата на лицата со попреченост за РСМ, 2018 година, достапно на: <https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/concluding_observation_2018_committee_on_the_rights_of_persons_with_disabilities.pdf >.

Комитет за елиминација на дискриминација врз жените, *Заклучни согледувања за комбинираното седмо и осмо периодични извештаи за Унгарија, усвоени од Комитетот на педесет и четврта сесија (11 февруари - 1 март 2013 година)*, достапно на: <https://www2.ohchr.org/english/bodies/cedaw/docs/co/CEDAW.C.HUN.CO.7-8.pdf>.

Совет на Европа, Европски комитет за социјални права, *заклучоци (2008) - Членови 1, 9, 10, 15, 18, 20, 24, 25, Ерменија, Белгија, Кипар,* достапно на: <www.coe.int/t/dghl/monitoring/socialcharter/Conclusions/ConclusionsYear_en.asp>.

Совет на Европа, *Европски комитет за социјални права, заклучоци (2003) Франција*, достапно на: <www.coe.int/t/dghl/monitoring/socialcharter/Conclusions/State/France2003_en.pdf>.

Канцеларијата на Високиот Комесар за човекови права при Обединетите Нации, *Еднаквост и недискриминација според Членот 5 од КПЛП*, ОН Док. A/HRC/34/26, 2017 година, достапно на: <https://undocs.org/A/HRC/34/26>.

Случај *S.C v. Brazil, Комитет на ОН за правата на лицата со попреченост, Communication No. 10/2013*, CRPD/C/12/D/10/2013, одлука од 28 Октомври 2014, достапно на: <https://digitallibrary.un.org/record/791892>.

Случај *Ms. Marie-Louise Jungelin vs. Sweden, Комитет на ОН за правата на лицата со попреченост, Communication No. 5/2011*, CRPD/C/12/D/5/2011, достапно на: <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD-C-12-D-5-2011&Lang=en>.

Случај *H.M v. Sweden, Комитет на ОН за правата на лицата со попреченост, Communication No.3/2011,* CRPD/C/7/D/3/2011, достапно на: <https://www.ohchr.org/Documents/HRBodies/CRPD/CRPD.C.7.D.3.2011.doc>.

Случај *Michael Lockrey v. Australia, Комитет на ОН за правата на лицата со попреченост, Communication No. 13/2013*, CRPD/C/15/D/13/2013, достапно на <https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/13/D/12/2013&Lang=en>.

Случај *Mr. X v. Argentina, Комитет на ОН за правата на лицата со попреченост, Communication No. 8/2012*, CRPD/C/11/D/8/2012, достапно на: <http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/11/D/8/2012&Lang=en>.

Случај *Glor v. Switzerland, Предмет број. 13444/04*, ЕСЧП, 2009 година, достапно на: <https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=caselaw/HUDOC&c= >.

Случај *Çam v. Turkey, Предмет број. 51500/08*, ЕСЧП, 2016 година. достапно на: <https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=caselaw/HUDOC&c= >.

Случај *Guberina v. Croatia, Предмет број. 23682/13*, ЕСЧП, 2016 година, достапно на: <https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=caselaw/HUDOC&c= >.

Случај *Kacper Nowakowski v. Poland,Предмет број. 32407/1*, ЕСЧП, 2017 година. достапно на: <https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=caselaw/HUDOC&c= >.

Случај *Глајзен против Швајцарија, Предмет 40477/13*, ЕСЧП, 2019 година, достапно на: <https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=caselaw/HUDOC&c= >.

Случај *Латвија, Б. против Државната агенција за социјално осигурување (Valsts Sociālās apdrošināšanas aģentūra), Предмет бр A420528911*, ЕСЧП, 2013 година, достапно на: <https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=caselaw/HUDOC&c= >.

Случај *Латвија, Административен окружен суд, Случај бр. A420571712*, 2 декември 2013 година, достапно на: <https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=caselaw/HUDOC&c= >.

Одлука на Основниот суд во Делчево со пресуда од 16.04.2015 П-4.бр.14/2014.

Комисија за заштита од дискриминација, Мислење број 07-839/11 од 18 мај 2016 година, достапно на: <https://akademik.mk/utvrdena-e-diskriminatsija-vrz-slepite-litsa-od-strana-na-bankite-kzd-so-preporaki-do-bankite/>.